БИТКАТА ЗА СТАЛИНГРАД | ПЛАНИНСКО ВОЈУВАЊЕ | ПИШТОЛ „FN HP“ | „MITSUBISHI G4M“

# ШТИТ

Број 174
Април 2024
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




## ОТВОРЕНИ АРМИСКИ ДЕНОВИ ВО ПРЕСРЕТ НА ДЕНОТ НА НАТО




# Свечено одбележан Д
# специјал

Припадниците на Баталјонот на специјални сили, свечено во касарната „Илинден“ го одбележаа 1 Март – Денот на Баталјонот и 30-годишниот јубилеј. На свеченоста присуствуваа и заменикот на министерката за одбрана, Тирон Јаjага, генералите во Армијата, државниот секретар во Министерството за одбрана Владимир Анчев, команданти на единиците и претставници од Министерството за внатрешни работи. Пред присутните припадници на единицата и високите гости од МО и Армијата се обратија министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, првиот командант на единицата, генералот во пензија Мирослав Стојановски и сегашниот командант, потполковник Стефан Ивановски. Тие во своите обраќања со пиетет се осврнаа на достигнувањата на единицата во изминатите 30 години, која не само што по својата посветеност и врвна обученост е препознаена како најдоброто од Армијата, туку и е прва професионална единица која го означи почетокот на создавањето на современата Армија која ја имаме денес. Министерката Петровска истакна дека изминативе 30 години Баталјонот за специјални сили се трансформираше и се приспособуваше на современите предизвици, демонстрирајќи физичка и стратегиска брилијантност, исполнувајќи ги најстрогите НАТО стандарди во оценување на обученоста и добивајќи бројни признанија од нашите сојузници и нашите партнери за значителен придонес во меѓународните мисии и операции. Петровска истакна дека е горда на покажаната професионалност и порача дека ќе продолжи да се залага за унапредување на условите за работа и животен стандард на сите припадници на Армијата на Северна Македонија. Генералот Ѓурчиновски, честитајќи го Денот на единицата, истакна дека 1 март







# Денот на Баталјонот за
# лни сили

1994 г. беше предвесник на формирањето на современа, ефикасна, мобилна и интероперабилна Армија, според најсовремените НАТО стандарди, Армија со која се гордееме. Првиот командант на оваа единица и поранешен началник на ГШ, генералот во пензија Мирослав Стојановски, во своето обраќање се осврна на почетоците на формирањето на одредот. На построените сегашни и поранешни припадници на оваа единица им порача дека секоја досегашна генерација, вклучително и припадниците кои ги изгубија своите животи во текот на службата, имаат свои заслуги за поставувањето на темелите за развојот на оваа единица и за сè она што досега е постигнатото. „Чувајте и негувајте ги армиските вредности, лојалноста, почитта, честа, интегритетот и личната храброст, затоа што ова се вредности на сите досегашни генерации на оваа единица.“, истакна Стојановски. Командантот на Баталјонот на специјални сили, потполковник Стефан Ивановски во своето обраќање истакна: „Мотото на единицата – ‘Секогаш и секаде први’, подразбира не само да се биде најдобар во воената професија, туку да претставува и пример за храброст, лојалност, чесност и интегритет. Единицата, која досега многупати се докажала во мировните мисии, операции и вежби, била и ќе биде подготвена секогаш кога тоа е потребно и на овој баталјон секогаш може да сметаат и граѓаните и државата, но и НАТО сојузниците“, изјави потполковникот Ивановски.

По повод Денот на Баталјонот за специјални сили им беа доделени стимулативни мерки на припадниците на Баталјонот кои постигнале особени резултати во работата во изминатиов период и за севкупниот развој на единицата, додека од страна на началникот на Генералштабот, генералот Ѓурчиновски, на првиот командант на Баталјонот, Мирослав Стојановски, му беше врачена Плакета на Армијата.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





12
**Комитети и работни тела во НАТО**

17
**Под знамето на ОН**
**По заминувањето на мировниците (1)**

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 174 | април 2024

ИНФО
**НАТО Индустриски ден** ........ 6

На прва линија
**Војна без крај** ........ 11

Глобал
**Интеграција на родовата еднаквост во Европскиот парламент** ........ 14

Низ воената историја
**Битката за Сталинград** ........ 20

Воена едукација
**Планинско војување** ........ 22

Глобал
**Културна дипломатија** ........ 25

ИНФО
**Медиумска писменост во доба на вештачка интелигенција** ........ 28

Жените во одбраната
**Посветеност и љубов за професијата и педагошката дејност** ........ 29

Вооружување
**Пиштол „FN HP“ (Fabrique Nationale Hi-Power), во светот познат и како „Browning Hi-Power“** ........ 32

**„Шакал 3“ – камион со висока подвижност, производство на Обединетото Кралство** ........ 36

**„RTF1“ 120 мм – основа за развој на модерните минофрлачи од 120 мм** ........ 44

Аеродневник
**„Цеглинг“ (Zögling)** ........ 46

Воени музеи
**„Гифу“ – јапонски Музеј на авијацијата и на вселената** ........ 48

Уметниците и војната
**Вилијам Тарнер**
**Апстрактниот романтичар** ........ 54





34
**Хеликоптер „Bell 429 GlobalRanger“**

41
**„Шмајсер“ – легендарно оружје со погрешно име**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# Четири години членство во НАТО

*Република Северна Македонија веќе четири години е рамноправна членка и земја сојузник во најголемата воено-политичка алијанса во светот. Колективното членство во НАТО, како една од најзначајните стратегиски определби на нашата држава, стана реалност и, заслужено, веќе четири години ги споделуваме заедничките вредности и придобивки од зачленувањето во НАТО. Во оваа прилика сакам да потсетам дека, историски гледано, нашата татковина секогаш ги остварувала своите идеали на најтешкиот можен начин. Секој историски напредок бил скапо платен, со многу жртви, со големи напори, условувања и пречки. Со самото осамостојување и прогласување независност, ние се определивме да чекориме самостојно, но и да се приклучиме во колективниот безбедносен „чадор“ на НАТО алијансата, а подоцна и да побараме членство во Европската Унија – две најзначајни стратегиски цели на нашата млада, но со вековни корени држава. Но, повторно не ни беше лесно. Дваесет и пет години не успеавме да ги решиме проблемите што нè кочеа на патот кон НАТО. Но, пред четири години, конечно успеавме. Го направивме последниот напор и ги решивме проблемите коишто не успеавме да ги надминеме со децении наназад. Се најдоа решенија, се отстранија пречките, се исполнија условите и, конечно, стигнавме до целта: Република Северна Македонија стана 30. земја членка на најголемата воено-политичка алијанса во светот. По 30 години чекорење кон оваа цел ние, денес, веќе 4 години сме дел од колективната одбрана, нашата безбедност е гарантирана и продолжуваме да чекориме предводени од демократските принципи и вредности, уште поцврсто верувајќи во мирот, во прогресот, добрососедските односи, помагањето и заедништвото. Како дел од безбедносниот штит на најмоќниот воен сојуз во светот, станавме фактор за стабилност во регионот, извозник на безбедност, земја во која граѓаните имаат сигурна иднина.*

*Инаку, Северноатлантскиот сојуз на држави или НАТО Алијансата е формирана на 4 април 1949 година во Вашингтон со 12 основачки држави. Оттогаш, 10 пати по ред НАТО ги отвораше вратите за нови членки кои ги исполнуваа условите за зачленување во овој сојуз на држави. Последни во НАТО беа примени Финска и Шведска, но тоа не значи дека оваа бројка е конечна. Да се надеваме дека наскоро како рамноправни членки во НАТО алијансата ќе ни се придружат и Босна и Херцеговина, Грузија, Украина...*

*НАТО алијансата оваа година одбележува 75 години од своето постоење – години достојни за почит и за одбележување. Во пресрет на одбележувањето на Денот на НАТО, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија организираа „Отворени армиски денови“ во повеќе градови во државата, со цел граѓаните да се запознаат со опремата и оружјето и да ги видат вештините на армиските припадници, но и да ги промовираат сите придобивки за младите од школувањето и вработувањето во Армијата и во Министерството за одбрана. Посетеноста и интересот на граѓаните на овие настани беа уште еден доказ повеќе дека сме на вистинскиот пат, дека граѓаните ја сакаат и имаат доверба во Армијата и дека нашата армија секојдневно се модернизира, ги зајакнува своите капацитети, се грижи за стандардот на своите припадници и нуди професионални можности според сите стандарди на НАТО.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030

# НАТО Индустриски ден




Министерството за одбрана, заедно со НАТО Агенцијата за поддршка и набавки и со НАТО Агенцијата за комуникации и информации во Скопје, организираше НАТО Индустриски ден на кој компаниите подетаљно можеа да се запознаат со постапките и процедурите за настап на НАТО пазарот кој во моментов изнесува над 10 милијарди евра на годишно ниво. На отворањето на НАТО Индустрискиот ден се обратија министерката за одбрана Славјанка Петровска, вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи, генералната менаџерка на Агенцијата за поддршка и набавки Стејси Камингс и шефицата за набавки во Агенцијата за комуникации и информации, Џенифер Аптон.

„Кога говориме за НАТО, мислиме на безбедност и стабилност, но подеднакво важна е и можноста македонските компании рамноправно да учествуваат со сите останати компании во земјите члени во нудењето на производи и услуги за потребите на Алијансата. Станува збор за значаен пазар од над 10 милијарди евра на годишно ниво кој не смееме да го пропуштиме. Мораме да бидеме амбициозни, да се натпреваруваме со квалитет и со капацитети и да докажеме дека македонските компании технолошки и развојно можат да одговорат на барањата и да бидат конкурентни со компаниите во сојузничките земји“, рече министерката. Петровска и подвлече дека сѐ поголем број компании во Северна Македонија изразуваат интерес да се впишат во регистарот на економски оператори и да добијат потврда за исполнетост на услови за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и земјите членки. Министерката информираше дека секоја година расте бројот на компании кои преку Министерството за одбрана се впишуваат во регистарот на компании кои можат да се пријават на тендерите на НАТО. Вицепремиерот Битиќи во своето обраќање посочи дека пред домашните компании се отвори простор да учествуваат во тендерски постапки на овој пазар и ова е шанса да пристапат и да бидат дел од поширока мрежа на економска соработка и трговски партнерства. Генералната менаџерка на Агенцијата за поддршка и набавки, Стејси Камингс, се заблагодари за организацијата на НАТО Индустрискиот ден кој, рече, отвора можности да се зборува за можностите кои ги нуди Агенцијата, но и индустријата во Северна Македонија. Шефицата за набавки во НАТО Агенцијата за комуникации и информации, Џенифер Аптон, рече дека НАТО планира раст од 61% на глобалниот заеднички финансиран буџет и програми со индикативни бројки кои предвидуваат импресивно зголемување од 227% до 2030 година. Со цел поддршка на компаниите во процесот на добивање на потребните сертификати за учество на тендерите на НАТО пазарот, Министерството за одбрана креираше Центар за поддршка на компаниите. Преку овој Центар се врши упис на економски оператори и се добива потврда за тоа дека се исполнети условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и земјите  членки. На НАТО Индустрискиот ден учествуваат компании од прехранбената, фармацевтската и енергетската индустрија, од ИТ секторот и други компании.

# Плакета за министерката за одбрана

В о пресрет на 8 Март, Меѓународниот ден на жената, во Домот на Армијата во Скопје се одржа традиционален собир со припадничките од Армијата и вработените жени во МО, при што од страна на претседателот Стево Пендаровски, министерката за одбрана Славјанка Петровска и НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, им беше оддадено признание за нивната улога во одбраната, за професионалноста и посветеноста во извршувањето на задачите и за постигнатите успеси. Од страна на генералот Ѓурчиновски на министерката Петровска и беше доделена Голема плакета на Армијата во знак на нејзината досегашна поддршка, но и за севкупниот персонал од женски пол кои дадоа поддршка на активностите на Армијата. По повод Меѓународниот ден на жената, и во останатите команди и единици на Армијата, на симболичен начин им се оддаде признание на сите припаднички од женскиот пол, за нивната улога во извршувањето на работните задачи. Во Армијата, процентот на застапеност на женскиот персонал е во континуиран нагорен тренд. Во Република Северна Македонија за прв пат во 2020 година се интегрираше родовата компонента во Законот за одбрана и во Законот за служба. Воедно, принципот на еднакви можности и за жените и за мажите, се инкорпорираше и во подзаконските акти и во други стратегиски документи во Министерството и Армијата.



# „Отворени армиски денови" во пресрет на Денот на НАТО



Оваа година се одбележуваат 75 години од формирањето на НАТО алијансата, најголемиот воено-политички сојуз во светот. По тој повод, и по повод 4 години од членството на Република Северна Македонија во НАТО, во текот на месец март, во повеќе градови низ Републикаа беа одржани „Отворени армиски денови"

На 23 март на Воениот стадион во Градскиот парк во Скопје се одржа „Отворен ден на Армијата", настан организиран по повод одбележувањето на 4-годишнината од членството на Република Северна Македонија во НАТО и 75-годишнината од основањето на Алијансата. На Воениот стадион беа изложени воени средства, возила и опрема, а граѓаните имаа можност да проследат и показни вежби од припадниците на Баталјонот за специјални сили, алпинистички вештини на „Ренџерите", вежбата со армиски кучиња, како и музичка изведба од страна на Воениот оркестар на Армијата. Интересот на граѓаните беше голем и Воениот стадион беше преполн со заинтересирани и љубопитни граѓани кои присуствуваа на настанот. Најљубопитни и најзадоволни од прикажаните воени експонати беа најмладите, кои постојано се фотографираа и ги потпрашуваа припадниците на Армијата за секое орудие одделно. Армиските припадници ги запознаа граѓаните со: техничките карактеристики на дел од вооружувањето и опремата на пешадиските единици, единицата за АБХО, воената полиција, специјалните единици, единиците за врски, инженериските единици и повеќе видови на воени возила. Меѓу изложените експонати беа и најновите оклопни возила JLTV, армиски хеликоптер „МИ-17" и машина-робот за пронаоѓање експлозивни направи. На посебни штандови, ВА „Генерал Михаило Апостолски" ги претстави своите програми и можностите за студирање, а беа претставени и професијата воен пилот и можностите за прием во Армијата како професионални војници. Граѓание имаа можност да земат и примероци од магазинот на Министерството за одбрана „Штит". Настанот „Отворени армиски денов" во пресрет на Денот на НАТО беше организиран и во градовите Тетово, Штип, Струмица, Кавадарци, Кичево,. Охрид и Прилеп, настан на кој, граѓаните, исто така, имаа можност да се запознаат со дел од опремата и вооружувањето на Армијата и да проследат интересни показни вежби од припадниците на неколку армиски единици, како и да уживаат во звуците на музичките изведби на Воениот оркестар. Министерката за одбрана Славјанка Петровска, заедно со началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваа на „Отворениот ден во Тетово", каде заедно со граѓаните ја разгледаа изложената воена опрема и вооружувањето и ги проследија показните вежби изведени од припадниците на Армијата. Министерката Петровска изрази задоволство од големата посетеност и интересот кај тетовчани за овој „Отворен ден". Претходно, министерката Петровска присуствуваше и на „Отворениот ден на Армијата" во Штип и заедно со штипјани ја одбележа 4-годишнината од членството на Северна Македонија во НАТО и 75-годишнината од формирање на Алијансата. Во изјава за новинарите, министерката порача дека со членството во НАТО, Северна Македонија е безбедна и сигурна земја, нашиот глас е слушнат, а нашиот придонес кон уште посилна колективна безбедност е почитуван и ценет. Министерката Петровска порача дека настанот претставува уште една можност граѓаните да бидат поблиску до припадниците на Армијата, затоа што токму тие се оние кои ја гарантираат нивната безбедност и сигурност.





# Меморандум за соработка



Министерката Славјанка Петровска и претседателката на Сојузот/ Националниот совет за родова рамноправност, Савка Тодоровска, потпишаа Меморандум за соработка, кој претставува основа за развој на соработката во доменот на родовата еднаквост и родовата перспектива.
На средбата пред потпишувањето на Меморандумот, министерката Петровска истакна дека визијата на Националниот совет на родова рамноправност за промоција на правата на жените како човекови права и елиминирањето на сите форми на дискриминација на жените со цел градење на општество со еднакви можности, во целост се совпаѓа со вредностите во одбраната и Армијата. „Меморандумот ќе биде основа за поблиска соработка. Родово-сензитивните прашања за нас се исклучително важни. Ќе направиме заеднички акциски план со конкретни активности и прецизна динамика и убедени сме дека вашите сугестии и заедничката работа ќе доведат до уште подобри резултати “, рече министерката Петровска. Петровска посочи дека соработката со невладиниот сектор, особено за прашања кои се од приоритетни и од општествено значење, е повеќе од добредојдена. Министерството е отворено за сите иницијативи кои ќе покажат дека и одбраната и Армијата се институции во кои не постои дискриминација, дека родовата перспектива е силно врежана во свеста на сите вработени и оти единствениот критериум за напредок е професионалноста и посветеноста на секој вработен и на секој припадник или припадничка на Армијата.
Претседателката на Националниот совет за родова рамноправност, Тодоровска, се заблагодари за подготвеноста на министерката и на Министерството за одбрана, за развојот на нови, заеднички иницијативи во доменот на родовата рамноправност и порача дека тоа е вистинскиот пат кон едно целосно рамноправно општество, ослободено од дискриминација по која било основа.
Одбраната е носител на Националниот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 – Жени, мир и безбедност, што покажува дека ова прашање е на врвот на приоритетите на Министерство за одбрана.
Министерството, на институционално ниво, е лидер во имплементацијата на политиките и практиките за родова еднаквост, а родовата перспектива е интегрирана во стратегиските документи на одбраната и Армијата.

# Реконструкции во Центарот за обука на вода



Министерката за одбрана Славјанка Петровска го посети армискиот Центар за обука на вода во Охрид, каде следната недела продолжува реконструкцијата на старата и дотраена дрвена платформа, во делот кој се користи за паркирање на воени и цивилни пловни објекти и изградбата на потпорниот ѕид. Министерката истакна дека по увидот на состојбата направен минатата година, констатирано е дека Сидриштето се наоѓа во многу лоша состојба и дека неговата понатамошна употреба може да ги загрози животите на корисниците. Петровска појасни дека по отворената јавна набавка и изборот на фирма, заради укажувањето на граѓанската организација дека има можност за загрозување на животната средина, реконструкцијата е стопирана и побарани се мислења од надлежните институции и УНЕСКО. „Се обративме на надлежните институции – Министерството за животна средина, Заводот за заштита на културното наследство и УНЕСКО и сите по увидот кој го направија во документацијата, вклучително и Елаборатот за заштита на животната средина констатираа дека нема никаква опасност по животната средина“, рече министерката. Петровска рече дека активностите за реконструкција од страна на избраната компанија продолжуваат од понеделник и согласно договорот ќе траат 45 работни дена. Реконструкцијата на платформата при која ќе се користат еколошки материјали се однесува на левата страна на Студенчишкиот канал, и тоа во должина од 190 метри.
Реконструкцијата се врши врз основа на истиот проект, според кој е изведена реконструкцијата на десната страна на каналот.

# Одбележан Денот на Центарот за резервни сили

Во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец се одбележа 11 Март, Денот на Центарот за резервни сили (ЦРС), во Командата за обука и доктрини (КОД). На свеченоста присуствуваа командантот на КОД, полковник Васко Коколански, команданти на единици во Армијата и поранешни припадници на ЦРС. Во своето обраќање, командантот на единицата, полковник Ќиро Калков, истакна дека иднината на нашата одбрана лежи во изградба на мала, мобилна и ефикасна сила, способна да се справи со предизвиците на новото време, а вниманието на центарот ќе биде



насочено кон процесот на формирање на резервните сили и сите потенцијали ќе бидат насочени за исполнување на поставените задачи и обврски.
Командантот на КОД, полковник Васко Коколански, во својот говор најпрво им честиташе за постигнатите резултати во процесот на трансформација, а воедно им посака добро здравје и успех во понатамошната работа. По повод, Денот на единицата беа доделени стимулативни мерки за припадници од единицата за остварени резултати во работата и беа прочитани честитки за Денот на единицата. Единаесетти март е одреден за Ден на резервните сили на Армијата, како датум со кој се одбележува преземањето на првата караула „Рамна Нива“ во Крива Паланка.



# Војна без крај

Војната помеѓу Израел и Хамас, и покрај краткиот прекин на огнот, нема набрзо да заврши, а разговорите за мировните процеси и надежта за договор за конечен статус на Газа изгледаат подалеку од кога било претходно. Сепак, успешната размена на заложници, со посредство и со помош на Катар, на Египет и на САД, укажува на тоа дека, сепак има простор за делување на дипломатијата, дури и во услови на брутална војна

Очигледно е дека воената кампања на Израел во Газа ќе продолжи сè додека не се елиминираат воените капацитети на Хамас. Тешко е да се предвиди колку време ќе трае оваа војна, но со оглед на состојбата на теренот, најверојатно ќе биде потребно повеќе време. Токму поради тоа, тешко е да се предвидат и следните чекори што ќе се преземат, откако израелските сили ќе ја напуштат Газа. Израел нема намера ниту можност да остане во Газа по завршување на воената кампања. За голем број арапски држави Хамас претставува закана и дестабилизирачки фактор меѓутоа, досега, ниту една од нив не ја поддржа воената кампања на Израел. Оттука произлегува и можноста една меѓународна сила, со одреден мандат под покровителство на ОН, да овозможи обнова на цивилната власт и на управата во Газа. Израел треба да понуди решение за две држави, што е единственото политичко одржливо решение коешто може да понуди стабилност и соработка помеѓу Израелците и Палестинците и соработка помеѓу Израел и умерените арапски држави во рамките на мировната иницијатива на Арапската лига. Може да се забележи дека израелската влада во моментов не е подготвена да направи ваков потег. Војната ќе продолжи и во наредниот период, во обид Израел да ги деградира воените способности на Хамас и да продолжи со очигледен план да ги протера Палестинците во помали енклави на југ. Ова би претставувало анексија која е пообемна од претходната и се протегаше околу копнената граница на Газа со Израел и нејзината поморска област. Нормализацијата на односите помеѓу Израел и арапските влади, сепак ќе биде отежната поради уништувањето и смртните случаи предизвикани од бомбардирањето на Израел, блокирањето на резервите неопходни за одржување на живот во Газа и трајното раселување на Палестинците. Без формирање на тело што ќе управува со Газа, не е можно обединување на она што ќе остане од Газа.

Во моментов ниту една од страните во конфликтот нема расположение за промена на курсот на акција. Затоа треба да се преземат одржливи и усогласени колективни мерки од страна на меѓународната заедница. Советот за безбедност на ОН, во рамките на својата надлежност, треба да донесе одлука да го зачува и заштити меѓународниот мир и

безбедност, а во насока на резолуциите на ГС на ОН и Меѓународниот суд на правдата. Спроведувањето на Резолуцијата 2334 на СБ на ОН од страна на меѓународната заедница би можела да ги забрза меѓународните и регионалните напори насочени кон ставањето крај на конфликтот и реализација на политичко решение засновано на меѓународна легитимност. За да се оствари ова сценарио ќе бидат потребни многу години, но можно е ова да е единствениот начин да се промени динамиката на конфликтот помеѓу Израел и Хамас. Бомбардирањата насочени кон лоцирање и уништување на тунели, скривалишта и складишта на оружје на Хамас, имаат страшен ефект врз цивилите. Израел има цел и ветува дека ќе го уништи Хамас. Ова го става Израел во позиција на долгорочно присуство во Газа, сè додека не се справи и со последниот борец на Хамас или, во спротивно, мора да отстапи од зацртаната цел и да биде поразена страна во конфликтот.



Дали конфликтот во Газа полека станува војна без политичка цел,? Дали на Израел му е потребна алтернативна стратегија? Можеби најреална цел е деградирање на воените способности на Хамас во Газа. На хоризонтот можеби може да се види крајот на големата израелска офанзива која зад себе ќе остави илјадници жртви, раселени лица, бездомници, повредени цивили кои ќе живеат во едно безредие и хаос, територија без влада. Оваа безнадежност ќе биде мотив за повторна регрутација во сите можни насилни форми на отпор. Во периодот што следи, односно по престанувањето на борбените дејства, меѓународната заедница ќе треба да развие процес со временска рамка за управување со хуманитарната криза во повоената состојба. Некој треба да биде одговорен за безбедноста, за стабилизација на состојбата, за реконструкцијата и за привременото управување. Исто така, ќе биде потребно да се развие политички процес кој долгорочно ќе обезбеди крај на непријателствата и можност палестинскиот народ сам да ја трасира својата иднина. Меѓутоа, во моментов израелската владејачка коалиција сè уште е во шок и под притисок од нападите на Хамас на 7 октомври 2023 година, и таа е опседната со зајакнувањето на контролата врз палестинските територии. Од друга страна, Палестинците во Газа се во шок од израелскиот одговор за нападите на Хамас и не можат да се фокусираат на ништо друго освен на егзистенција. Оттука произлегува дека товарот ќе падне на меѓународната заедница и на западните демократии. Тие ќе треба да ги запрат Израел и Хамас, да создадат услови за идни преговори кои ќе ги намалат разликите помеѓу позициите на страните во конфликтот, до точка од каде што ќе биде можно да се донесат прифатливи решенија. Во овој момент, навидум е невозможно да се изнајде решение кое ќе ја гарантира безбедноста на Израел и ќе го спречи повторното воспоставување на воената моќ на Хамас во Газа. И регионалните актери како Египет не би презеле одговорност, а прашањето за довербата во мисија на ОН е дискутабилно и за двете страни. Како за крај на оваа војна се очекува централната улога во завршницата на оваа епизода од конфликтот да ја има Израел. Израел не би можел да остане во Газа, но затоа ќе ги примени сите расположиви средства да интервенира однадвор и да го спречи обновувањето на Хамас. Можеби во годините наназад, од страна на палестинската управа не требаше да се отфла секоја понудена можност за формирање на палестинска држава. Палестинските лидери нема да имаат напредок доколку не формираат компетентна влада, што претставува основен предуслов за подобрување на животот и на израелско-палестинските односи. Изминативе години постојано имаше ветувања за реконструкција и обнова на Газа, меѓутоа овие ветувања не се оствариja. Газа може да успее доколку се интегрира економски и политички со Западниот Брег. Меѓутоа,





дел од неуспехот лежи и во расколот помеѓу Фатах и Хамас, а Палестинците ја изгубија довербата во способноста на нивните лидери да испорачаат слобода, достоинство и еднаквост.
Палестинската влада би имала сигурен легитимитет доколку би била поддржана од меѓународно посредуван мировен процес во кој Палестинците ќе можат да веруваат. СБ на ОН треба да изврши притисок за траен прекин на огнот, па дури и распоредување на меѓународна мисија за градење на мирот и стабилизација на состојбата на теренот. Каков ќе биде исходот од конфликтот, во голема мера зависи и од тоа кој ќе биде победникот. Израел има моќ воено да победи, но, Хамас научи да ги претвора силните страни на Израел во слабости и да ги претвори своите слабости, како што е целосно непочитување на животите на сопственото цивилно население, во дипломатски притисок врз Израел. Стратегијата на Хамас се заснова на маченивштво на луѓето од Газа, така што сојузниците на Израел ќе го принудат да ја прекине војната додека раководството на Хамас е сè уште недопрено. Ако тоа се случи, Хамас ќе се смета дека извојувал голема победа. На тоа и другите милитантни исламистички групи ќе бидат охрабрени да започнат војна против Израел, што ќе доведе до поголеми и подеструктивни судири. Меѓутоа, ако Израел успее да го победи Хамас, нема да дозволи никој друг да ја одржува безбедноста во Газа. Меѓународните правни норми очигледно дека немаат големо влијание врз текот на конфликтот, а доказ за тоа е големиот бројот на цивилни жртви. Израелските сили во иднина ќе останат присутни во појасот Газа, а западните демократии мора итно да преземат сериозни чекори за ставање крај на крвопролевањето. Очигледно е дека Палестинците едноставно не прифаќаат да живеат под присилен и насилен систем на воена управа, а евидентно е дека тоа не функционира и нема да функционира ни во иднина. Под услов израелските безбедносни сили да ја постигнат својата цел – да го уништат Хамас тие, сепак, ќе мора и понатаму да преземат противбунтовнички операции за да ги покорат остатоците од другите палестински милитантни организации. Сепак, израелската влада нема да може до бесконечност да остане во појасот Газа и да одржува безбедност, па затоа ќе бидат потребни подготвени партнери кои ќе ја преземат одговорноста за безбедноста во појасот Газа. Светот ќе помогне за обезбедување на хуманитарна поддршка за палестинскиот народ, но посериозна помош за обнова нема да дојде без напредок во израелско-палестинскиот мировен договор, кој ќе побара од Израел да се согласи да се создаде палестинска држава и палестинскиот народ и ќе треба да се согласи со постоењето на Израел и да се откаже од правото на враќање на палестинските бегалци во нивните домови пред 1948 година. Израелската влада ќе има потреба од партнер на палестинска страна, партнер којшто ќе се согласи за постигнување на мир меѓу двата народи, партнер кој ќе има волја да преговара за конечен мировен договор врз основа на решение за две држави. Шансите израелската влада да усвои таков план не се големи, но секоја друга варијанта само ќе го одложи следниот почеток на непријателствата. Со уништување на Хамас, воените операции во Газа можат да создадат услови за мировно решение, но само доколку таа спогодба им обезбеди на Палестинците политички суверенитет и надеж за посветла иднина.
По завршување на конфликтот, појасот Газа долго ќе заздравува од разорното уништување. Управувањето со Газа ќе биде тешко и ќе зависи од меѓународните хуманитарни организации на ОН. Сценариото на враќање на Палестинците во нивните разрушени живеалишта, според примерот во 2019 г. ќе се повтори со сигурност, а промените во израелската политика нема да се случат без надворешен притисок. Палестинците треба да се обединат и автентично да ја претставуваат волјата на својот народ, бидејќи досегашните власти не успеаја да го направат тоа. Потребни се нови идеи и нова меѓународна безбедносна архитектура. Без разлика што арапскиот свет е поделен и комплициран, сепак има свое влијание. Тука е вклучен и БРИКС, а Арапската лига и земјите од Организацијата за исламска соработка формираа група за следење и решавање на кризата. Тие веќе се сретнаа со лидерите од петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН, што укажува на позитивни промени. Израелската политичка и јавна сцена треба да разбере дека одлуките за промена на ставот кон палестинското прашање не можат да се одложуваат на неодредено време. И другите меѓународни актери, освен САД и арапските држави, како на пример Јужна Африка, Индонезија и Кина, ќе треба да имаат сериозна улога. Бројката на загинати во конфликтот во Газа се приближува до 30.000, а ранети се 70.000 лица. Нападите на 7 октомври врз Израел се ужасно нешто, но во моментов неопходно е потребна испорака на помош за Газа, безусловно ослободување на сите заложници, а страните во конфликтот да се придржуваат до нивните обврски според меѓународното хуманитарно право. Глобалното политичко лидерство треба да ги искористи своите влијанија и моќта, за да помогне да се стави крај на оваа војна и да се спречи понатамошно крвопролевање. Факт е дека од двете страни, пред почетокот на конфликтот, немаше сериозни напори за јасен пат кон изнаоѓање на долгорочно решение. По нападите на Хамас, конфликтот ескалираше. Израелската влада не се стремеше кон вистински мир или кон некој поприфатлив начин за интеграција на Палестинците за постабилно израелско општество. Хамас започна војна што не може да ја добие, а ја води на сметка на целиот палестински народ, а Израел досега реагираше на начин на кој војната може повремено да паузира, но нема да заврши за брзо време. Можеби најпоставувано прашање во моментов не е како ќе заврши оваа војна, туку зошто нема изгледи да таа да заврши. Ескалацијата на судирите оди до недоглед и овие судири не може да претставуваат ничија стратегија, туку само може да доведат до поголема катастрофа. Палестинско-израелскиот конфликт во моментов претставува глобална криза, која бара храбри чекори и промени во глобалната безбедносна архитектура.

д-р Ненад Танески



# Комитети и работни тела во НАТО

Комитетите на НАТО претставуваат незаменлив дел од процесот на донесување одлуки за Алијансата. Комитетите на НАТО обезбедуваат рамка во која земјите членки можат да разменуваат информации за различни теми, да се консултираат едни со други и да донесуваат одлуки со консензус и со заеднички договор во интерес на нациите. Во оваа и во наредните неколку статии ќе бидат претставени сите комитети, почнувајќи од главните комитети на НАТО: Северноатлантскиот совет, Групата за нуклеарно планирање и Воениот комитет

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички и воени теми, па сè до технички или оперативни прашања. Принципот на одлучување со консензус се применува на секое ниво на структурата, од највисокото политичко тело за одлучување до најмалата работна група. Не постои гласање или донесување одлуки по пат на мнозинство. Сите земји членки се претставени на сите нивоа на структурата на комитетите, со свои претставници кои се експерти во својата област на учествување. Највисок претставник на една нација е амбасадорот или постојан претставник кој е поддржан од Национална делегација, составена од цивилни и воени советници, кои се официјални претставници и ја застапуваат нивната земја во различни комитети на НАТО. Припадниците од постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО. Постојаните делегации на нациите се лоцирани во истата зграда каде што е и седиштето на НАТО, така што им е овозможено да одржуваат меѓусебни формални и неформални контакти, контакти со меѓународниот персонал на НАТО, како и со претставници на земјите партнери, на лесен начин и без одложување. Дел од комитетите се формирани уште од почетокот на основањето и развојот на организацијата и имале главна улога при донесувањето на одлуките во текот на неколку децении. Други, пак, се формирани неодамна, во контекст на внатрешната и надворешната реорганизација на Алијансата, по завршувањето на Студената војна и со промените во безбедносната средина во Европа. Структурата на комитетите на НАТО се ревидира и реорганизира за да се направи поефикасна, поодговорна и релевантна за тековните настани и приоритетите на НАТО. Ова вклучува елиминирање на застарените комитети и создавање нови тела. Од нејзиното создавање во 1949 година, Алијансата претрпела три големи реструктуирања на комитетите. Првото се случило во 1990 година, по завршувањето на Студената војна, второто во 2002 година по терористичките напади на 11 септември 2001 година и последното



реструктуирање било иницирано во јуни 2010 година, како дел од поширокиот реформски напор кој ги допре сите структури на Алијансата – военокомандната структура и нејзините организации и агенции.
Во оваа и во наредните неколку статии ќе бидат претставени сите комитети, почнувајќи од главните комитети на НАТО: Северноатлантскиот совет, Групата за нуклеарно планирање и Воениот комитет. Со исклучок на Северноатлантскиот совет, комитетите биле постепено основани по потпишувањето на Вашингтонскиот договор на 4 април 1949 година. Како дел од реформскиот процес на НАТО, кој започнал во јуни 2010 година и којшто се фокусираше на командната структура на НАТО и на НАТО агенциите, беа разгледани и комитетите на НАТО (тоа се накратко следните комитети: Deputies Committee, Political Committee, Defence Policy and Planning Committee, Integrated Air and Missile Defence Policy Committee, Aviation Committee, Conference of National Armaments Directors, C3 Board, Operations Policy Committee, Partnerships and Cooperative Security Committee, Military Intelligence Committee, Council Operations and Exercises Committee, Security Committee, Civilian Intelligence Committee, Committee on Proliferation, High Level Task Force on Conventional Arms Control, Verification Coordinating Committee, Cyber Defence Committee, Committee for Standardization, Logistics Committee, Resource Policy and Planning Board, Resilience Committee, Committee on Public Diplomacy и Archives Committee). Комитетите поднесуваат извештај до Северноатлантскиот совет, а дел од нив се поддржани од работни групи. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации), кои ги поткрепуваат односите помеѓу НАТО и другите земји партнери на Алијансата.

**Главните тела за одлучување во НАТО**

**Северноатлантскиот совет (North Atlantic Council – NAC)** е главното политичко тело за одлучување во рамките на НАТО и единствениот комитет што бил формиран со основачкиот договор на Алијансата. Според член 9, Советот има овластување да формира помошни тела, коишто може да бидат неопходни за целите на Алијансата, односно за спроведување на одредбите од Вашингтонскиот договор. Со текот на годините, Северноатлантскиот совет воспоставил мрежа на комитети за да ја олесни работата на Алијансата во темите на нејзината агенда, во насока на правилно и навремено одлучување за да можат да им се спротивстават на сите предизвици. Комитетот за планирање на одбраната кој, исто така, беше едно од највисоките тела на НАТО за одлучување, бил распуштен според Реформата на Комитетот од јуни 2010 година, а неговите функции ги презел Северноатлантскиот совет. Истовремено, Советот е главен орган во НАТО за донесување политички одлуки, со еднакво право за сите нации да ги изразат своите ставови и да учествуваат при одлучувањето со консензус. Одлуките били договорени едногласно и соо заедничка согласност. Не постои гласање или одлука на мнозинството. Ова значи дека политичките одлуки на Северноатлантскиот совет се поддржани и претставуваат одраз на колективната волја на сите суверени држави кои се членки на Алијансата. Северноатлантскиот совет се свикува почесто и опфаќа поширок опсег на надлежности. Се нарекува Совет поради постоењето на повеќе помошни тела кои се под негова надлежност. Во Северноатлантскиот совет, сите земји членки на НАТО имаат свое место во Советот. Советот може да се состанува на ниво на постојани претставници (или амбасадори), на ниво на министри за надворешни работи и за одбрана, односно на ниво на шефови на влади и држави. Со Советот претседава генералниот секретар, а во негово отсуство заменикот на генералниот секретар. Амбасадорите седат на масата според распоред, којшто во согласност со името на државата и според англискиот азбучен ред. Истата постапка се следи и во структурата на НАТО, во однос на комитетите. Работата на Советот е подготвена од страна на подредени комитети и на други тела со одговорност за конкретни области на делување. Општо земено, целиот штабен персонал ја поддржува работата на Советот, директно или индиректно, и помага при имплементацијата на одлуките на Северноатлантскиот совет.

**Групата за нуклеарно планирање (Nuclear Planning Group - NPG)** делува како високо тело за нуклеарни прашања во Алијансата и дискутира специфични прашања поврзани со нуклеарната политика и нуклеарните сили. Нуклеарната политика на НАТО е под постојана контрола и таа се менува и се приспособува во според новите случувања. Министрите за одбрана од сите земји членки (освен Франција), се среќаваат во редовни интервали во Групата за нуклеарно планирање каде што разговараат за конкретни прашања поврзани со нуклеарните активности, вооружување, модернизација и тековните предизвици. Франција е една од трите членки на НАТО кои поседуваат нуклеарно оружје и таа е клучен дел од воено-политичкото одвраќање на противникот. Одлуката за повлекување од командните структури на НАТО, Франција ја донесе откако стана нуклеарна сила и таа не сакаше да се најде во позиција да биде искористен нејзиниот нуклеарен потенцијал и за ова да решава некој друг. Франција се врати во командните структури на НАТО, а нуклеарниот потенцијал и понатаму останува под нејзина национална команда.
Дискусиите во групата опфаќаат широк спектар на прашања од нуклеарната политика, вклучувајќи ја безбедноста и стабилноста на нуклеарното оружје, комуникациите и информатичките системи, како и прашањата за нивно распоредување. Исто така се опфаќаат прашања кои се од заеднички интерес, односно за нуклеарната контрола на оружјето. Одлуките се донесуваат со консензус, а со групата претседава генералниот секретар на НАТО.

Драган Павловски



# Интеграција на родовата еднаквост во Европскиот парламент

Овој напис е кратко резиме на документот изработен од „Gender Five Plus“ (G5+), независна самофинансирана организација која е посветена на европската интеграција и иднина, изградена на родова еднаквост, почитување на човековите права и одржливост. Овој текст дава една сеопфатна процена на родовата еднаквост и на родовата интеграција во Европскиот парламент и стратегиски ги поставува овие наоди во контекст на изборите во 2024 година

Документот, изработен од организацијата „Gender Five Plus“ има цел да ги постави родовите прашања како примарна цел на изборната дебата и да овозможи трајност. Дополнително, со овој документ „Gender Five Plus“ има цел да придонесе за поправеден, поразновиден и порепрезентативен Европски парламент, а Европската Унија да биде уште посилна и поинклузивна Но, и покрај пионерската работа на Европскиот парламент во промовирањето на родовата еднаквост и вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, овој труд покажува дека сегашната состојба е со ограничени резултати во двете области. Самиот документ поентира дека, и покрај силната посветеност за имплементирање на родовата интеграција и обезбедување паритет, силните неформални патријархални норми сè уште го попречуваат процесот. Затоа, клучен чекор е да се препознае потребата да се вклучат мажи и млади момчиња во дебатите поврзани со родовите прашања. Исто така, докуменот прави директна врска помеѓу овие наоди и претстојните избори, истакнувајќи дека аналогно на сегашната остојба екстремната десница најверојатно ќе се стекне со влијание во Европскиот парламент. Дополнително, блиските врски меѓу маскулинистите и антифеминистичките движења и екстремно десничарските групи, зголеменото присуство на пратеници кои ги промовираат овие идеи може да се засили реакцијата против правата на жените, и на тој начин да се загрозат и родовата еднаквост и мејнстримирањето. Затоа во трудот се нагласува дека решавањето на овие предизвици не само што е од суштинско значење, туку има потреба од итно решавање. Во суштина, овој труд не е само процена. Тоа е динамичен повик за акција. Сепак, овој текст нуди практични насоки за клучните чинители, вклучително и за: носителите на одлуки во ЕУ, земјите членки, медиумите и политичките партии, како да се решат овие недостатоци вклучувајќи препораки кои се приспособени на изборниот контекст, истовремено насочувајќи го вниманието кон можноста Европскиот парламент да се заложи за поголема координација меѓу институциите на ЕУ во областа на родовата еднаквост

преку својот предлог за ревидирање на меѓународните договори. Мошне е важно да се нагласи дека со постојаното менување на европската политика, Европскиот парламент (ЕП) се наоѓа во еден многу значаен момент, бидејќи се соочува со повеќе предизвици кои особено се појавија во Законодавниот дом во периодот од 2019 до 2024 година. Овој период навистина е обележан со големи настани, вклучувајќи ја и глобалната здравствена криза предизвикана од пандемијата „КОВИД-19“ и геополитичките тензии создадени од руската инвазија на Украина. Тогаш до израз доаѓа дискурсот за проширувањето на Европската Унија, зајакнат со настаните во Украина. Во исто време, Конференцијата за иднината на Европа (CoFoE) го враќа на маса прашањето за реформирање на меѓународните договори кое, пак, е тесно поврзано со прашањето за проширувањето. Дополнително, Законодавниот мандат 2019 – 2024 година, кој се карактеризира со посветеноста на Урсула Вендер Лејен за Унија на еднаквост и соработка со Парламентот кој никогаш дотогаш немал толку многу жени европратенички, сведочи за пробивањето на долгите стагнирачки родови иницијативи, вклучително и на Директивата која во оригинал е насловена како „Women on Board“ и ратификацијата на Истанбулската конвенција од страна на ЕУ. На овој начин, земјите членки на Европската Унија, се соочуваат со растечкото влијание на екстремно десничарските движења.
Во врска со подемот на екстремно десничарските дискурси, се зголемува реакцијата против правата на жените низ целиот континент. Терминот „повратна реакција“ (во оригинал: backlash), најчесто се однесува на резултатите од стратегиите на антифеминистичките движења насочени кон поткопување на напредокот во правата на жените. Овој феномен не е карактеристика само на Европа, но добива и значителен импулс со растечкото противење на правата на жените и ЛГБТК+ во Полска и во Унгарија, кои од неодамна претставуваат примери за правата на жените. Во овој проблематичен контекст, изборите за Европскиот парламент, планирани да се одржат меѓу 6 и 9 јуни 2024 година, се клучен момент за Европската Унија (ЕУ). Затоа, како европска и феминистичка тинк-тенк организација, „Gender Five Plus“ (G5+) се залага да донесе родова перспектива во европската политика. Ова вклучува посебен фокус на клучните настани како што се изборите за Европскиот парламент, што е прикажано во нивниот документ за политики од 2019 година под наслов „Избори во Европскиот парламент 2019: За еднаквост на демократијата во Европа“. Објавувањето на документи за политики е суштински дел од напорите на „Gender Five Plus“ да влијае врз засегнатите страни за промовирање на поголема родова еднаквост во ЕУ. Во согласност со оваа тековна мисија, „Gender Five Plus“ со задоволство го презентира овој труд и оваа тема, којашто нуди феминистичка перспектива за претстојните избори во 2024 година.
Овој труд дава сеопфатна процена на состојбата на родовата еднаквост и на вклучувањето на родовите аспекти во Европскиот парламент, а неговата основна цел е да ги внесе во тековната дискусија околу изборите во 2024 година, за да се осигура дека родовите прашања остануваат централни во изборната дебата. Трудот/документот на претстојните избори гледа како на како стратешка можност за зајакнување на улогата на Европскиот парламент и како на феминистичка страна, па затоа, исто така, презентира низа препораки за преземање чекори за решавање на недостатоците идентификувани во извршените процени кои треба да го земат предвид овој изборен контекст. Анализата прикажана во овој труд се заснова на истражување, на преглед на литература, како и на квалитативни интервјуа. Спроведени се 15 интервјуа (лице в лице) и онлајн-интервјуа со широк опсег на засегнатите страни, вклучувајќи членови на Европскиот парламент (ЕП) и персонал од различни политички групи, персонал на ЕП, членови на Советот на европските општини и региони (ЦЕМР), академици и претставници на граѓански организации. Трудот е структуриран во три различни дела.

**Прв дел:** Првиот дел ја разгледува состојбата на родовата еднаквост во Парламентот, нагласувајќи ги тековните бариери со кои се соочуваат жените во






европската политика и потенцијалното сложено влијание на реакцијата против правата на жените во тие бариери во пресрет на изборите во 2024 година.

**Втор дел:** Вториот дел се фокусира на состојбата на родовата интеграција во Европскиот парламент, опишувајќи ја како недоволно финансирана, но добро воспоставена рамка за вклучување на родовата перспектива и еволуирачката клучна улога на комисиите и на политичките групи како чувари на нејзиното спроведување во претстојните избори

**Трет дел:** Третиот дел нуди збир на препораки како да се зајакне Парламентот како феминистички чинител и ги истражува неговата потенцијално растечка улога во промовирањето на феминистичката синергија преку институциите на Европската Унија. Иако Европскиот парламент е пионер во промовирањето на родовата еднаквост и во вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, овој труд открива некои ограничени резултати во двете области. Од една страна, иако процентот на европратенички е 39,1%, се јавува парадокс кога се гледаат лидерските позиции, бидејќи тие не мора да го одразуваат овој напредок. Исто така, жените сè уште се соочуваат со силни бариери при влезот во европската политика. Од друга страна, спроведувањето на вклучувањето на родовите аспекти во главните политики се соочува со големи проблеми: навистина постои добро воспоставена група на актери, но нивните активности бараат повеќе човечки и финансиски ресурси за да се реализира нивниот целосен потенцијал и политичките групи и комитети го чуваат родовото вклучување во ЕП, но се чини дека неформалните норми и правила го попречуваат неговото спроведување. Овие резултати им се припишуваат на недостатоците во стратегиите за нивно постигнување и одржување. Еден од клучните резултати од овие две процени е препознавањето на критичната потреба да се вклучат мажите и младите момчињата во разговорите за полот. Пристапот на Европскиот парламент, иако е во согласност со трендовите коишто преовладуваат, го гледа родовиот паритет исклучиво како „женско прашање", а со тоа ја става настрана улогата што можат да ја имаат мажите при настанувањето на проблемот и при донесувањето решение. Слично на тоа, главните пречки за спроведувањето на родовата интеграција во политичките групи и комитети се неформалните патријархални норми и правила за кои, сепак, премалку се дискутира, па затоаи и остануваат како пречка. Овој труд постигнува директна врска помеѓу овие наоди и претстојните избори и нивното потенцијално влијание.



Со оглед на тесната поврзаност помеѓу маскулинистите и антифеминистичките движења и екстремно десничарските групи, зголеменото присуство на европратеници кои ги поддржуваат овие идеи е идентификувано како сериозна закана за напредокот на родовата еднаквост и спроведувањето на вклучувањето на родовите аспекти во главните политики. Оттука, решавањето на овие недостатоци, не само што е императив, туку станува сè поитно.
За крај, треба да се истакне дека трудот дава практични насоки за клучните засегнати страни, вклучително и за носителите на одлуки во ЕУ (со фокус на оние на Европскиот парламент), за земјите членки, за медиумите и за политичките партии. Овој текст нуди препораки за истовремено постигнување на родова еднаквост и вклучување на родовите аспекти во главните политики, бидејќи тие се длабоко испреплетени.

Конечно, се обрнува внимание на можноста што ја претставува предлогот на Европскиот парламент за ревидирање на договорите –да се залага за поголема координација меѓу институциите на ЕУ за родовата еднаквост. Накратко, овој труд ,не само што ја одразува моменталната состојба на родовата еднаквост и на родовата интеграција во Европскиот парламент, туку претставува и повик за акција. Со оваа сеопфатна анализа „Gender Five Plus" имаат цел да придонесат за поправеден, поразновиден и репрезентативен Европски парламент, а со тоа и за посилна, поинклузивна Европска Унија.

м-р Билјана Поповска
( повеќе види на:
https://genderfiveplus.org/european-parliament-elections-2024-putting-gender-equality-at-the-heart-of-the-european-decision-making-report-january-2024/






# Под знамето на ОН

# По заминувањето на мировниците (1)

Сите планови на релевантните институции на ООН, пред завршувањето на мировната мисија се фокусирани на прашањата околу обезбедувањето успешна транзиција на општеството пред крајот на мировната операција и напуштањето на земјата домаќин. Од особено значење е да се сфати дека мировните мисии се во постојана состојба на транзиција, тие се суштинското значење за комуникација и за успешното менаџирање со очекувањата и предизвиците кои ни претстојат со почетокот на транзицискиот период

По исполнувањето на мандатот на „Сините шлемови“ и завршувањето на мировната мисија, задолжително се поставува прашањето: Во каква состојба е државата по заминувањето на мировните сили? Значи, се анализира дали имплементацијата на мисијата на мировните сили на ОН влијае врз капацитетите на земјата домаќин за извршување на државните функции по завршувањето на мандатот на мировниците.

Иако многу показатели поврзани со државните капацитети се подобруваат во текот на мировната операција, повлекувањето на „Сините шлемови“ може да има и негативни и позитивни влијанија врз обновувањето и градењето на државата, во зависност од кој аспект се анализираат, од временскиот период и во зависност од земјата за која се вршат анализите. Дополнително, за да биде добро испланирана транзицијата, мора да се земат предвид сите активности на релевантните засегнати страни и специфичните фактори кои влијаат врз понатамошното непречено функционирање на владата на земјата домаќин.

Транзицијата на општеството опфаќа суштествени промени во дејствувањето, во ангажманот и при присуството на силите на ОН во земјата домаќин, барем во една мировна операција, (на пример, кога мировната операција се заменува со друга мировна операција или кога мировната операција завршува) и одговорностите за функционирање на државниот апарат се пренесува на тим на ОН од земјата домаќин). Всушност, сите мировни операции би требало да се разгледуваат како трајна состојба на транзиција на земјата домаќин. И покрај тоа што може да претставува одредена нелогичност, неопходно е да се започне со планирање на транзиција во моментот на пристигнувањето на мировните сили во земјата домаќин, исклучително е важно тоа да се случи. Тоа претставува составен дел од стратегијата на мировната мисија. Како резултат на тоа, мировниците би требало да бидат сигурни дека имаат подготвени ресурси и експертиза за планирање и спроведување на транзицијата. Од голема важност е ова планирање да има интегриран пристап помеѓу учесниците во мировната мисија

на терен, планерите во седиштето на ООН, кои се во тесна координација со земјата домаќин, земјите членки на ОН, како и локалните, националните и регионалните организации. Особено е важно да се започне со инвестирање во локални и во национални капацитети што е можно порано, со цел евентуално преземање на клучните активности од страна на владата на земјата домаќин. За жал, ова често се изоставува во раните фази на мисијата, бидејќи вниманието обично е насочено кон прашања кои се поврзани со воспоставување на мисијата, со безбедносното опкружување и со работењето на воената компонента и заштитата на цивилното население од физичко насилство.Клучни за транзицијата се недвосмисленото преземање на одговорноста за управување со државниот апарат од страна на владата и нејзин ангажман на сите нивоа.

За постигнување на ваква подготвеност на државниот апарат неопходно е:

–мировната операција да биде планирана како единствен чекор во транзицијата. Добро планираните транзиции имаат тенденција да бидат поуспешни, доколку се постигнат со ангажман, или на ОН или на регионална иницијатива;

–изработка на специфични планови и стратегии за приведување на мировната мисија кон својот крај. Притоа, мора да се обрати внимание на локалниот контекст, на свесноста и на проценатa на приоритетите на процесот на транзиција;

–навремено планирање на одржлива транзиција, со цел да се обезбеди успех на мировната мисија во земјата домаќин. Ова вклучува специфичен процес на планирање, јасни стратегии за излез од теренот, интегрирани пристапи, континуиран ангажман и дијалог со засегнатите страни на повеќе нивоа – на национално, на локално и на индивидуално ниво. Како што секој поединечен случај е уникатен, така и планирањето на транзицијата треба да биде специфично во тој контекст. Во суштина, не треба да биде копиран образец кој се применува за различни мисии. Планирањето на транзицијата би требало да се базира на анализа и на консултации со локалните заедници, со владата домаќин, со страните во конфликтот, со другите меѓународни чинители и со засегнатите страни.

Последните неколку години завршија мировните мисии на ОН: UNOCI во Брегот на Слоновата Коска (во 2017г.), UNMIL во Либерија (во 2018 г.), MINUJUSTH во Хаити (во 2019 г.) и хибридната операција на Африканската





унија UNAMID (во 2020г.). Во сите овие случаи, мировниците на ОН особено внимание посветуваа на менаџирањето со привршувањето на мисиите и со транзицискиот период, особено од прифаќањето на Проектот за транзиции на ОН во 2014 година. Но, академските истражувања биле недоволното фокусирани на прашањето што се случува со една земја после повлекувањето на мировниците на ОН. Бројни емпириски студии покажале дека мировните операции го намалуваат времетраењето на конфликтот и на интензитетот на насилство на бојното поле, тие создаваат подолготраен мир и нудат заштита на цивилите. Сепак, овие студии ја истражувале ефективноста на другите помалку проучуваните аспекти на мултидимензионалните мировни операции: политичкиот развој, економските перформанси, јавното здравство или владеењето на правото и на тој начин дошле до нови сознанија и до научени лекции за мировните активности по завршувањето на мисијата.

Спроведувањето мировните мисии не се решенија од траен карактер, туку привремени анганжмани кои кога тогаш ќе завршат. Врз одлуката за тоа кога и како мировната операција на ОН да се приведе кон својот крај, може да влијаат повеќе фактори. Како прво, спроведувањето на мандатот на мировната мисија и напредокот кон постигнување стабилен мир (или негов неуспех), честопати е клучен критериум. Спроведувањето избори долго време се сметало како критична фаза во иницирањето во завршување на мировната мисија (мисијата UNTAG во Намибија). Порано, завршувањето на мировната операција било регулирано со однапред одредени рокови. Во последно време се користат специфични индикатори за мерење на напредокот за целосно исполнување на определените цели и за одредување соодветно време за означување на крајот на мировната мисија (мисијата UNAMSIL во Сиера Леоне). Овие индикатори обично се определуваат во однос на обновувањето на политичкиот дијалог и изборите во земјата домаќин, во однос на стабилноста и безбедноста,





владеењето на правото и почитувањето на човековите права.
Факторите кои би можеле да влијаат врз одлуката за завршување на мировната операција би можеле да се однесуваат на различните политички одлуки од страна на членките на Советот за безбедност на ОН, на земјите кои придонесуваат со војници или на земјите домаќини. Повлекувањето на мисијата на ОН – MINURCAT во Централноафриканската Република и во Чад во 2010 година, на пример, било иницирано на барање на Владата на Чад која ја отфрлила потребата за постојана заштита на цивилите и за обезбедување хуманитарна помош за бегалците од страна на персоналот на „Сините шлемови“. Истите овие фактори кои влијаат врз одлуката за завршување на мировната операција, влијаат и на режимот и на темпото за повлекување на „Сините шлемови“, на структурата на процесот на транзиција и на сите други последователни аранжмани. Анализата на податоците за распоредувањето (и повлекувањето) на мировниот персонал, открива различни модели за завршувањето на мировната мисија. Завршувањето на мисијата може да биде брзо или постепено и може да биде проследено со последователен аранжман.
На шемата, графички е прикажано распоредувањето и повлекувањето на униформираниот персонал (воен и полициски персонал и воени набљудувачи), за мисиите MINURCAT во Чад и во Централноафриканската Република, како пример за брзо повлекување; UNMIL во Либерија претставува пример за постепено повлекување. И мисиите на ОН – UNMIBH и полициската мисија на ЕУ – EUPM во Босна и Херцеговина претставуваат примери за последователен аранжман. UN-MIL постепено ги намалувал „Сините шлемови“ во текот на десетгодишното учество според принципот на одвивање во фази. Одговорноста за безбедносната состојба на земјата била пренесена на либериските вооружени сили, две години пред завршувањето на мисијата. По официјалното завршување на мандатот на мировниците, меѓународното одржување и градење на мирот во земјата домаќин може да се преуреди преку распоредување на последователни аранжмани, со цел да се консолидираат сите придобивки кои се создадени за време на мировната операција и да се продолжат преостанатите активности (продолжувањето на UNMIBH со EUPM во јануари 2003 година, со мисија да ги трансформира локалните полициски сили). Повеќе од 40% од мировните операции на ОН спроведени помеѓу 1947 и 2018 година, биле проследени со друга мировна операција, спроведена од силите на ОН или од други (често регионални) актери. ОН своето присуство на терен може да го преуреди и во форма на политичка мисија, интегрирана канцеларија, или како тим на ОН од земјата домаќин, што најчесто во своите активности ги вклучува Програмата за развој на ОН, други агенции на ОН кои работат на градење на мир и развој и меѓународни институции (на пр. Светска банка).
Последниве години Одделот за мировни операции (DPO) на ОН, во своите планирања сè повеќе ги користи научените лекции од процесите за време на привршувањето на мировните операции/мировни транзиции. Во 2013 година, ОН ја објавија Политиката за транзиции на ОН, во контекст на повлекување на мисијата. Проектот за транзиции на ОН“, со цел да се подобри начинот на кој се планираат и се управуваат процесите на транзиција низ ОН, бил започнат во 2014 година. Агендата на генералниот секретар на ОН, Антонио Гутерес, за градење и одржување на мирот, исто така промовира целосен пристап кон транзициите. Неодамнешните мировни операции на ОН: MONUSCO во Демократска Република Конго, MINUSMA во Мали, MINUSCA во Централноафриканска Република, и UNMISS во Јужен Судан, требале да развијат стратегии за транзиција, што е пред очекуваното повлекување на операциите на ОН.
Направени се неколку анализи на краткорочните и на долгорочните ефекти за постигнување стабилен мир и безбедност од транзициите на општеството по завршувањето на мировните операции на ОН. Постои особена заинтересиранст за тоа што се случува кога мировниците заминуваат и како тоа влијае врз државниот капацитет на земјата домаќин. Со помош на статистичка анализа, разгледани се бројни резултати од градењето на државата, од неколку аспекти: дали резултатите се менуваат за време на распоредувањето на мировниците; како се менуваат резултатите во текот на годината на повлекување и дали сето ова има некои долгорочни ефекти.

М.С.



# Битката за Сталинград

Сталинградската битка се водела во градот Сталинград, денешен Волгоград, во југозападна Русија, помеѓу Советскиот Сојуз и нацистичка Германија, во периодот од 23 август 1942 г. до 2 февруари 1943 г. Во битката учествувале повеќе од два милиони војници, а на крајот биле изброени речиси исто толку жртви на обете страни

По тешкиот пораз што го претрпеле кај Москва кон крајот на 1941 г., Германците не можеле истовремено да тргнат во офанзива по целиот Советско-германски фронт, како што бил случајот на почетокот на операцијата „Барбароса“, па затоа се фокусирале на јужниот правец. Пролетта 1942 г., Хитлер ја усвоил операцијата „Сино“. Најважната цел на овој план била освојување на богатите нафтени полиња на Кавказ. Пролетта 1942 г. Вермахтот ги задржал своите позиции во Источна Украина, подготвувајќи се за голема летна офанзива. Сепак, планираната „нафтена кампања“ не можела да се реализира без сигурно покривање на крилните позиции. Поради ова, делови од германските трупи добиле задача да се пробијат до Сталинград, голем индустриски и транспортен центар кој во тоа време имал 700.000 жители и да создадат силни упоришта долж реките Дон и Волга. Операцијата „Сино“ започнала на 28 јуни. Германските трупи напредувале со голема брзина во два правци: кон Кавказ и кон Сталинград. Тие поминале стотици километри, отсекувајќи десетици илјади советски војници од нивното главно тело. Руските сили најпрвин успеале да го забават непријателот северно од Сталинград. Советите изгубиле повеќе од 200.000 војници, но зазеле клучни позиции. Нападот на Сталинград го започнала 6. армија на Вермахтот на 23 август 1942 г.. Дотогаш, поголемиот дел од житото и добитокот биле изнесени од градот, но во Сталинград останале околу 400.000 жители кои сè уште не биле евакуирани.

По неколку дена, германските авиони потопиле руски комерцијални бродови, а на крајот на август германската авијација извршила десетици воздушни напади. Загинале десетици илјади луѓе, многу завршиле во заробеништво или биле однесени во концентрациони логори во Германија. Во септември, Германците се вклучиле во жестоки и крвави улични борби во градот. Сталинград, кој првично бил споредна насока за Хитлер, станал главна цел. Градот се претворил во вистински пекол на земјата.

Градот го бранела 62. армија на генералот Василиј Чуиков, којшто најмногу му посветил внимание на формирањето на помали мобилни јуришни групи кои „се закопувале“ во зградите и во земјата и чекале да дојдат фашистите за да фрлаат гранати врз нив. Бранителите морале да се борат и против друг, „невидлив“ непријател. На градот му се заканувала епидемија на колера, а само благодарение на натчовечките напори на советските лекари била избегната катастрофа.

И покрај тешката ситуација, Сталин им наредил на војниците да не се повлекуваат, издавајќи ја наредбата „227“: Ниту еден чекор назад. Со помалку од 20.000 војници и помалку од 100 тенкови, генералите на Црвената армија почнале да ја зајакнуваат својата одбрана и да опкружуваат одредени области.

Генералите Георги Жуков и Александар Василевски организирале војници во планините, северно и западно од градот, и оттаму започнале контраофанзива, популарно наречена операција „Уран“. За разлика од контраофанзивата во близината на Москва во 1941 г., овојпат оваа операција не го потиснала непријателот, туку ги опколила неговите сили. Иако со многу големи загуби, руските сили, на 23 ноември 1942 г. успеале да формираат одбранбен прстен околу Сталинград. Со опкружувањето им бил зададен фатален удар на 6. армија на Фридрих Паулус и на делови од 4. тенковска армија на Херман Хот. Во германските борбени линии биле направени огромни пукнатини низ кои советските трупи брзо навлегувале. Русите, исто така, се потпирале на суровата зима, знаејќи дека со нејзиното доаѓање ќе имаат предност, бидејќи германските нацистички трупи не биле навикнати да се борат во такви услови. Мамаев



Курган, ридот што доминира во градот, исто така е симбол на херојскиот отпор. Таму се воделе особено жестоки борби, бидејќи кој го контролирал овој рид, би го контролирал и целиот град. Советските трупи ги бранеле своите позиции на падините на тој рид во текот на целата офанзива. Ноќта спроти 31 јануари 1943 г., единиците на 38. моторизирана бригада на 64. армија се пробила до зградата на стоковната куќа во центарот на Сталинград и ја блокирале. Во зградата бил штабот на 6. армија на генералот Фридрих Паулус. На 2 февруари 1943 г., последниот германски контингент под команда на генералот Карл Штрекер капитулирал во близина на фабриката за трактори „Сталинград“ и на фабриката „Барикада“. На крајот од битката, фелдмаршал Фридрих фон Паулус, потпишал безусловна капитулација и се предал, заедно со речиси 100.000 војници и офицери. Повеќето од затворениците умреле во заробеништво, или од болест или од глад. Така завршила најважната битка од Втората светска војна, при што биле заробени и 22 германски генерали.
Во битката кај Сталинград учествувале повеќе од два милиони војници, а на крајот биле изброени речиси исто толку убиени, ранети или заробени војници и цивили. Вермахтот загубил околу 330.000 војници. Биле убиени, ранети или заробени  200.000 Романци, 130.000 Италијанци, 120.000 Унгарци и др.
Од другата страна, загинале 478.000 бранители, а 650.000 биле ранети. Целосниот пораз на Германците на 2 февруари 1943 г. го означил крајот на битката кај Сталинград, која била клучна за исходот на Втората светска војна. Германската војска со тој пораз не ја изгубила својата сила, но стратешката иницијатива во војната отишла на страната на сојузниците. Во подобра ситуација не биле ниту германските сојузници од „Оската“. Романското општество било шокирано од поразот на својата 3. и 4. армија. Во борбите загинале околу 160.000 луѓе, што веднаш предизвикало зголемување на антивоените чувства во Романија. Советските трупи, откако ја опколиле германската армиска група, целосно ја поразиле и 8. италијанска војска што се наоѓала на реката Дон, што го принудило Мусолини да ги повлече. Катастрофата што ја доживеале Италијанците во СССР била една од главните причини за падот на режимот на Дуче, на 25 јули 1943 г. Со фијаското во Сталинград, Јапонија на неодредено време го одложила планот „Кантокуен“, кој подразбирал напад на советскиот далечен Исток, а Хитлер, исто така, загубил важен потенцијален сојузник. Турција се откажала од влегувањето во војната на страната на Третиот рајх. Покрај тоа, Анкара нагло ја прекинала антисоветската реторика во своите медиуми и ја заострила својата политика кон Берлин.
Поразот кај Сталинград го разнишал моралот на Германците. Нивната војска никогаш претходно не доживеала ваква катастрофа. Загубата кај Сталинград бил првиот неуспех за време на војната што Хитлер јавно го признал. За првпат, Третиот рајх прогласил тридневна национална жалост. Оваа битка била пресвртница во војната и чекор кон конечната победа на сојузниците. Победата кај Сталинград била важна и по тоа што ги охрабрила советските трупи. Митот за непобедливоста на германската армија, разнишан по битката кај Москва, сега бил целосно уништен. Вооружените сили на СССР почнале да дејствуваат посмирено, поорганизирано, со поголема концентрација и посилна верба во победата. Веста за поразот на војската на Паулус била дочекана со неверојатен ентузијазам во земјите од Европа. Оваа битка, буквално му дала нова сила на движењето на отпорот. Западот бил пријатно изненаден од победата на Црвената армија. Лидерите на сојузничките земји го преплавиле Кремљ со честитки. На конференцијата во Техеран, на крајот на 1943 г., премиерот Винстон Черчил на советската делегација ѝ го подарил „Мечот на Сталинград“, на чие сечило на руски и на англиски јазик било изгравирано: На храбрите граѓани на Сталинград, во знак на длабока почит од британскиот народ. Американскиот претседател Френклин Рузвелт му испратил на градот Сталинград почесна повелба: „За спомен на нашето восхитување на неговите храбри бранители, чија храброст и самопожртвуваност за време на опсадата од 13 септември 1942 г. до 31 јануари 1943 г., засекогаш ќе бидат инспирација за сите слободни луѓе. Нивната славна победа го запре бранот на инвазија и означи пресвртница во војната за сојузничките нации против силите на агресијата“.

м-р Игор Дамјаноски



# Планинско војување

Планинското војување се дефинира како ангажирање на силите на планински терен со големи разлики во висините, посебни метеоролошки услови и ефекти, како и лоша или непостоечка инфраструктура. Планинското војување е класифицирано според неговите барања и ограничувања. Типичните барања за планинско војување се состојат од специјална техничка опрема, специјализирана обука и обука којашто е ориентирана кон мисијата пред распоредување, вклучително и аклиматизација на единиците

Планинското војување, од аспект на оперативно планирање, дизајн и уредување на бојното поле, не се разликува од другите видови на војувања. Примената на воената тактика при планинското војување се одвива според воспоставен стандард, без разлика дали операциите се дефанзивни, офанзивни, за стабилизација или за поддршка на мирот, меѓутоа тактичките постапки при употреба на единиците и техниката, бараат приспособување кон просторот, амбиентот и опкружувањето каде што се изведуваат борбените дејства. Карактеристиките на планинските подрачја директно влијаат врз борбеното темпо на единиците и техниката во рамките на просторот на изведувањето на операциите, што подразбира потреба од приспособување на тактиката кон условите на планинското опкружување и развивање на вештини и техники за планинско војување. Планинското војување има двонасочен концепт – од една страна тоа е борба против противникот но, во исто време, тоа е борба против студот, мразот, времето и другите природни непогоди без заштитата што ја нудат моторизираните возила и изграденото сместување.

**Влијанието на релјефот врз планинското војување**

Поради тоа што Република Северна Македонија главно е планинско-котлинска земја, од особено значење е обученоста и оспособеноста на војниците и единиците за војување во планински услови. На територија на Северна Македонија се наоѓаат околу 60 планини и планински масиви, од кои 16 припаѓаат во групата на високи планини (над 2000 м ), 40 планини се во средната група (од 1000 до 2000 м) и 4 планини припаѓаат на групата ниски планини (од 500 до 1000 м) надморска висина. Од сите населени места во Северна Македонија, градот Крушево има најголема надморска височина од 1220 м, додека село со највисока надморска височина е Кракорница, село во општините Маврово и Ростуше, со надморска височина од 1530 м, што укажува на фактот дека населените места на територијата на Северна Македонија, коишто можат да се користат како логистички бази, завршуваат на 1500 м н.в. Над оваа надморска височина како објекти од воен интерес остануваат само планинарските и ловечките домови, постоечките и напуштените караули и бачилата. Релјефот на Северна Македонија, според тоа како се формирале планините, опфаќа два планински предели: Родопскиот планиниски предел и Шарпланинскиот планиниски предел. Родопскиот планински предел го зафаќа најголемиот дел од територијата и се карактеризира со планини со помала височина, заоблени врвови, широки била и благо наведнати планински страни, кои овозможуваат поголема проодност за луѓето и за техниката надвор од постоечките патишта, додека маневарските земјишта се застапени исто така во поголем процент. Шарпланинскиот планински предел е предел на млади верижни планини,

карактеристичен по високите врвови и остри планински гребени. Земјиштето на овој предел е тешко проодно, со мала застапеност на маневарско земјиште по коешто би можела да се движи борбената техника, и се карактеризира со исклучително сурова планинска клима за време на зимскиот период, што негативно влијае врз евентуалното распоредување на единиците.
Ваквиот релјеф создава природна борбена отпорност на земјиштето, што овозможува формирање на природно одбранбен терен, кој од директен копнен напад лесно се брани, а тешко се освојува. Територијата на Северна Македонија, со нејзината геостратегиска положба во рамките на европското војувалиште, влегува во таканареченото Јужноевропско боиште. Одбранбените региони на територијата на Северна Македонија се поврзани со распоредот и групирањето на нејзините планини кои овозможуваат формирање на автономни одбранбени региони, кои влегуваат во корелација со единствениот одбранбен систем, составен од пет одбранбени региони. Безбедносните сили имаат задача и задолжение да го сочуваат територијалниот интегритет и неповредливоста на државната граница, во случај на вонредна состоја или евентуална војна, агресорот треба да биде спречен и оневозможен, при евентуален обид за преминување на граничната линија. За да се заштитат населените места, главната цел на борбените дејства може да се пренесе во природно-одбранбените региони.
Според карактеристиките на земјиштето, кај планините се разликуваат пет видови на планински појаси: појас на обработливо земјиште, појас на шуми, појас на пасишта, појас на карпи и појас на постојан снег и мраз. Стрмните планините го претставува аголот на наколонот на земјиштето на некоја од планинските страни. Земјиштето, според просечниот наклон, го делиме на земјиште со благ наклон, до 100, погодно за движење на теренски возила со тркала и приколки; земјиште со среден наклон, од 100 до 200  погодно за за движење на теренски и товарни возила без приколки; земјиште со стрмен наклон од 200 до 400 со можност за движење на возила гасеници, на тенкови и на самоодни орудија, земјиште со многу стрмен наклон од 400 до 600, што овозможува движење на луѓето со придржување и карпесто-каменливо земјиште со гребени и отсеци, со наклон над 600, коешто има ограничена можност за движење на луѓето и ваквото земјиште планинарите и луѓето, коишто се оспособени да користат специјална опрема, можат полесно да го совладаат. Стрмноста на планините ги одредува тактичките карактеристики на земјиштето, кои влијаат врз употребата на единиците и воената техника, во поглед на нивната организација и ангажирање и во поглед на проодноста на земјиштето, прегледноста, надморската висина, заштитните својства и економската состојба на боиштето.
Земјиштето, според проодноста, се дели на проодно, ограничено проодно и тешко проодно земјиште, додека според прегледноста се дели на прегледно, што овозможува од неговите доминантни точки да се набљудуваат повеќе од 75% од неговата површина, на делумно прегледно (полупрегледно), со можност за набљудување до 50% од вкупната површина и на непрегледно, каде што можностите за околното набљудување се помали од 25 проценти. Во повеќето НАТО земји членки, земјиштето, во зависност од неговите тактички карактеристки, е поделено на три нивоа: **Ниво 1** – теренот е котлински, просторот ги опфаќа долините и главните линии на комуникација, земјиштето е маневарско и овозможува употреба на комбинирани пешадиски и оклопно-механизирани единици, маневарскиот простор е канализиран бидејќи виталните линии на комуникација обично ги следат автопатите, патиштата и патеките во долината. **Ниво 2** – теренот го опфаќа просторот помеѓу долините и падините на планините, се карактеризира со тесни патишта и патеки, кои служат како секундарни линии на комуникација. Проодноста на земјиштето е отежната, се канализира маневарскиот простори и единиците можат да бидат изложени на непријателски напад од возвишенијата на околното земјиште. **Ниво 3** – го вклучува доминантниот терен во регионите, а најчесто тоа се врвовите каде што проодноста е отежната, додека потребната мобилност мошне тешко се постигнува и се одржува. Теренот на третото ниво нуди можност добро обучените единици да изведуваат дејства на напад врз крилата и задницата на непријателот.









Брзината на движење на војникот во планински предели е условена од стрмноста и проодноста на теренот, од метеролошките услови и од тежината на опремата што ја носи војникот, па затоа вкупната тежина на опремата не треба да надминува повеќе од една третина од вкупната индивидуална телесна тежина на лицето, односно брзината на движењето треба да се одвива според стандардот на нашата армија. Вкупната тежина на опремата што ја носи еден војник изнесува 27кг во борбени дејства, тежината на борбениот товар изнесува 15,5 кг, додека во продолжени дејства на марш изнесува 9,8 кг. На стрмен терен, над 1500 метри, надморска височина, по можност оптоварувањата треба да се намалат за 50%. Просечната планинарска брзина на движење на војникот при двиење, во услови кога има снег до 30 см ,изнесува околу 3км на час. Во услои кога има снег, брзината на движење, од 30 до 50см изнесува околу 2км/ч, на снег од 50 до 70см изнесува околу 1км/ч, доколку дебелината на снежната покривка е над 70 см, движењето треба да се изведува со крпљи или со скии. Војниците, кога се на скии, се движат со просечна брзина од 6 до 8км на ч,ас додека брзината на движењето на единицата на скии е од 3 до 6км на час, што претставува просечно поминато растојание на една пешадиска единица во еднодневен марш. Изведувањето на марш од 24 часа изнесува од 12 до 24 км, додека за единица на скии, просечното растојание изнесува од 32 до 40 километри. Дебелина на снежната покривка, која може да се совлада во услови на при влажен снег изнесува од 30 до 45 см, на сув снег од 45 до 60 см, при премин на замрзната водена површина потребната дебелина на мраз треба да изнесува над 10 сантиметри. Организацијата на движењето се состои од 5-минутен одмор на секои 25 минути движење. Просечната брзина на движење на возила (оклопни транспортери на тркала или гасеници) во колона изнесува околу 40км на час во дневни услови и 20 км на час во ноќни услови на возење. За возилата на гасеници, снежната покривка која е помала од 50 см се смета за лесно совладлива, снег со висина на снежна покривка од 50 до 75 см ја намалува брзината на движењето за 10 км на час, додека снежната покривка над 75 см бара расчистување на снегот на пристапните патишта. Просечно поминато патно растојание на една единица во возила во еднодневен марш изнесува од 96 до 112 километи. Просечната дебелина на снежната покривка во услови кога има влажен снег , може да се совлада од возила на тркала со 45см, за возила на гасеници до 75см, додека совладлива снежна покривка при сув снег за возила на точкови со ланци изнесува до 60см, за возила со гасеници до 120см, при премин на замрзната водена површина потребната дебелина на лед треба да изнесува над 70см. Организација на движењето се состои од **кратки маршеви** со времетраење на должина на марш до 5 часа, не се даваат паузи и одмор, **долги маршеви** со времетраење на должина на марш повеќе од 5 часа, паузи се даваат на секои 2-4 часа во должина од 20 до 30 минути. Најчесто се **одмора** во зависност од тактичката ситуација. Одморот во дневни услови може да трае и повеќе часови до цел ден, сѐ додека трае дневната видливост, а во ноќни услови, одмор, најчесто се дава на секои 2 часа. Мошне е важно да се спомне и можноста за користење на животни за товарење при движење и транспорт на опремата во тешко пристапни планински терени, при што животни кој најчесто се користат се мазгите и магарињата. Мазгите просечно носат товар од околу 100 кг и можат да патуваат околу 32 км дневно, додека магарињата носат товар од околу 30 кг и можат да патуваат од 12 до 16 км дневно. Товарните животни можат да носат товар до 25% од нивната вкупна телесна тежина. Товарните животни се користат и во случај на недостиг на храна и како извор на месо за прехранување на единиците. Движењето на товарните животни во колоната за марширање при искачување, се одвива на задниот дел од колоната, додека при спуштање тие се движат на предниот дел од колоната за марширање. Планинската клима, метеролошките услови и надморската височина, се главните фактори кои директно влијаат врз функционалноста на луѓето, опремата, вооружувањето и техниката, кои го диктираат темпото на борбените дејства и ги лимитираат можностите за изведување на борбени операции во планински услови.

Виктор Крстевски




# Културна дипломатија

Културната дипломатија е инструмент на државата за зајакнување на националните интереси.Културната дипломатија е дел од јавната дипломатија и е добар инструмент за градење „мека моќ“ на државата. Културната дипломатија ја следи надворешната политика на државата и е во согласност со нејзината стратегија и програма. И јавната и културната дипломатија се „мека“ компонента на државната моќ која, сепак, се потпира на целите и приоритетите на „тврдите“ компоненти на државата, како што се воените и безбедносните ресурси

Една од најстарите дефиниции за културната дипломатија е онаа од 1959 г., утврдена од Стејт департментот, според која „културната дипломатија претставува директен и траен контакт меѓу народите и различните нации, осмислена да помогне во создавање на подобра клима за меѓународна доверба и разбирање, во која можат да фунционираат официјалните односи“. Во поново време, во Извештајот на Комитетот за културна дипломатија при Стејт департментот од 2005 г., културната дипломатија се дефинира како „мека моќ“ и јавна дипломатија, во смисла на „продолжување на идеи, информации, уметност и други аспекти од културата на народите, пред сѐ заради поттикнување на меѓусебното разбирање“. Затоа, културната дипломатија, како дел од јавната дипломатија, вклучува свесно настојување на државата да влијае врз својот имиџ во светот и давање значајна улога на уметноста и на културата на државата. Во поново време „меката моќ“, која содржи култура, кредибилност, интегритет, одговорност, лидерство доминира не само во домашната политика, туку и во меѓународните односи и на тој начин е алтернативно средство со кое владите ги спроведуваат своите цели и национални интереси. Меѓусебното влијание на културата е старо, колку и самата култура. Уште во најраните почетоци на цивилизацијата можат, врз остатоците на материјалната култура, да се следат измешани траги на различни култури. Културите се во постојан меѓусебен контакт, вршат и примаат влијанија, таквите односи придонесуваат кон забрзување на културниот развој на секоја земја. Но, меѓусебните односи секогаш немале форма на соработка или на развојно поттикнување, туку многу често се манифестирале и во форма на културна асилимилација. Впрочем, и во денешно време се зборува за културен империјализам заснован на превласта на електронските медиуми и содржините на масовната култура. За да се избегне таква ситуација на културна зависност, неопходно е секоја земја да биде свесна за меѓународната димензија на својата културна политика. Културната дипломатија, може да биде билатерална (со една земја) и мултилатерална (со



повеќе земји). Билатералната соработка со одделни странски земји обично сè почесто се остварува врз основа на меѓудржавни договори и спогодби (со долгорочно важење) или врз основа на двегодишни програми за меѓудржавна културно-образовна соработка. Мултилатералната културна соработка најчесто се остварува со посредство на меѓународните организации.

**Аспекти во културната дипломатија**
Културната дипломатија е еден од новите концепти во проучувањето на надворешните политики и меѓународните односи, и покрај неспорниот факт дека културната дипломатија е стара колку што е стара и самата дипломатија. Покрај основната линија на поврзување, останатите аспекти од релацијата надворешна политика и култура се недоволно научно истражувани. На концептуализацијата на културата во надворешната политика мора да ѝ се пристапува од два аспекти:
1. Како чинител од домашното (внатрешно, интерно) опкружување, кое влијае на дизајнирањето и донесувањето на одлуки за надворешната политика.
2. Како на средство на надворешната политика која државата свесно го експлоатира за да постигне свое влијание во надворешното опкружување, т.е.меѓународната заедница. Иако терминот „културна дипломатија" постои од неодамна, доказ за нејзината практика може да се види низ историјата и постоењето на истата со векови наназад. Истражувачите, патниците, трговците, учителите и уметниците можат да се сметаат како примери Преку интеракција на народите, размена на јазик, религија, идеи, уметност и општествени структури, се врши постојано подобрување на односите меѓу различни групи. Културната дипломатија и практично се спроведува во теоријата на културната дипломатија, вклучувајќи ги и сите модели кои се практикуваат во текот на историјата од страна на индивидуалци, заедници, државата или институционални актери со цел да се олеснат и да се подобрат односите помеѓу различните култури. Овие модели вклучуваат: културни програми за размена, странски делегации или, на пример на спортски натпревари. Програмите се единствена можност да се влијае на меѓукултурното и меѓуверското разбирање и да се промовира помирување помеѓу различното во културите и начините на живот во многу држави од светот.

**Принципи на културната дипломатија**
Во сè повеќе глобализираниот и меѓусебно поврзан свет во кој ширењето на масовните комуникации овозможува да имаме подобар и полесен пристап едни до други како никогаш порано, културната дипломатија е важна за зачувување на мирот и стабилноста во целиот свет. Културната дипломатија, кога ќе се научи и ќе се примени на сите нивоа, поседува уникатна способност да влијае на глобалното јавно мислење и на идеологијата на поединци, на заедници, на култури и на нации, што може да се изрази преку 5 важни начела кои се дефинирани од страна на Милтон Каминг: почитување и признавање на културните разлики и културното наследство; глобален меѓукултурен дијалог; правда, еднаквост и меѓузависност; заштитата на меѓународните права на човекот; глобален мир и стабилност.
Значи, културната дипломатија не е второстепен дел од политичката или од економската дипломатија, туку функционира како нивна внатрешна и неопходна компонента. Според Џозеф Нај, авторот на терминот „мека моќ", оваа моќ во себе содржи три елементи: култура (на државата), што за едни претставува популарна култура, а за други тоа се јазикот, класичната музика и литературата, науката и образованието или техничките достигнувања; политичките вредности кои владеат во една држава и преку кои може да се види и да се претпостави влијанието на домашната политика врз претставата за земјата во странство; надворешната политика на една земја, во одредени ситуации се смета за сосем легитимна и со морален авторитет за да може овде да се види емотивното влијание на медиумските преноси на акциите кои се спроведуваат во странство.
Културната дипломатија, размената на идеи, информации, уметност и други аспекти на културата помеѓу нациите и нивните народи заради поттикнување на заемно разбирање претставува важна компонента во поширокото настојување на јавната дипломатија која, главно, опфаќа сè што прави една нација за да се претстави себеси во светот. Со оглед дека голем дел од културната дипломатија се состои од споделување форми на креативно изразување на нациите, тоа е нешто во што се ужива, па затоа може да биде едно од најефикасните средства во секоја дипломатска активност. Културната

дипломатија е најдобар пример за „мека сила", или моќ за убедување преку култура, вредности и идеи, наспроти „цврстата сила која освојува и ограничува преку воена моќ.Не е тешко да се разбере потенцијалот на културната дипломатија. За писателот и поранешен чешки претседател Вацлав Хавел, музиката беше „непријател на тоталитаризмот". Во 2000 г. на милениумската вечер во Белата Куќа, посветена на џезот, Хавел во својот говор опишува како слушањето џез ги вратило надежите за слобода во мрачните денови на угнетеност во комунистичка Чехословачка.

**Културна дипломатија – „мека моќ" во меѓународните односи**

Доколку културната дипломатија ја разбереме како „мека моќ", во тој случај таа ќе претставува „проекција на „мека сила" (soft power), според веќе општоприфатената терминологија на Џ.Нај. Според ова гледиште, коешто го промовира Милтон Камингс, културната дипломатија означува „употреба на креативниот израз и размена на идеи, на информации и на луѓе преку државните граници, со цел унапредување на меѓусебното разбирање". Што се однесува до другиот значаен термин дефиниран во претходниот наслов, јавната дипломатија упатува на отворена и видлива комуникација помеѓу државите, за разлика од скриените и тајни контакти. Напротив, примерно е да го усвоиме другото значење на терминот кој го предлага А.Вотсон: Јавната дипломатија како активност која „влијае на јавното мислење во странските земји и како средство за влијание врз други влади. Тоа влијание го операционализира и го разработува во своите студии Ненси Сноу (Snow). Таа разграничува три варијанти на дипломатски активности, во зависност од актерите т.е. од учесниците во дипломатската комуникација. Тие три видови се означени и поделени како односи: а) влада кон друга влада (традиционален начин по вестфалскиот метод); б) влада кон јавноста (институционализиран тек на информации кон странство, онака како што Вотсон ја дефинира јавната дипломатија) и в) јавност кон јавноста (што кореспондира со значењето на културната дипломатија како што ја дефинира Камингс).

Во практиката на американскиот Стејт Дипартмент и во земјата со најизразена културна димензија на својата надворешна политика, културната дипломатија е сместена во темелите на јавната дипломатија. За тоа сведочи извештајот на Советодавниот комитет за културна дипломатија од 2005 г. каде што се вели: Културната дипломатија е главниот столб на јавната дипломатија бидејќи со културните активности една нација најдобро ја претставува сопствената слика за себе. Културната дипломатија може да ја унапреди нашата безбедност на најразлични и многу суптилни и одржливи начини. Токму историјата има забележано дека американското културно богатство играло подеднакво важна улога, како и воените активности, во нашето заземање на местото меѓународен предводник, вклучувајќи ја и војната против тероризмот, бидејќи вредностите всадени во нашата уметничка и интелектуална традиција, претставуваат бедем против мрачните сили. Во овој извештај се вградени препораки кои повикуваат на зголемено финансирање на културната дипломатија, со цел во неа понепосредно да биде вклучен и ангажиран дипломатски персонал, да се зголемат програмите за културна размена, со цел да се вдахне нова сила и енергија на културното присуство на САД во светот, две години после започнувањето на војната во Ирак. Културната дипломатија, мобилизирана на овој начин, барем на декларативен план, би била средство за заштита на националната безбедност. Со оглед на појдовниот факт дека дипломатијата ги поминува националните граници, нејзиниот комуникациски агол е повеќе или помалку интеркултурален. Дипломатски односи се воспоставуваат со оној „другиот", со соработници или со противници сместени од „онаа страна на границата". Би било апсурдно да се прогласува за дипломатија секоја комуникација којашто се остварува и која ја преминува државната граница. Но, таквата комуникација, во принцип, е неизоставен појдовен елемент на секоја дипломатска активност. Новата културна дипломатија се потпира токму на таквата комуникација и може да резултира со одредено политичко дејство. Притоа, не се работи само за комуникација како средство во одржувањето на меѓународните работи, туку преку културната дипломатија меѓународните актери на светската политика се претставуваат, се легитимираат и прават сè за другите да ги прифатат како такви. Ова станува уште позначајно во одредени случаи кога државата треба да препознае или да признае некој недржавен фактор како субјект со којшто остварува некои односи.

м-р Зоран Василески






# Медиумска писменост во доба на вештачка интелигенција

Институтот за комуникациски студии – ИКС и Меѓународниот одбор за истражување и размена ИРЕКС, на 29 февруари организираа еднодневен Симпозиум во Скопје на тема „Медиумска писменост во доба на вештачка интелигенција и проширување на границите на возможното“, како дел од проектот на УСАИД за медиумска писменост – „Младите размислуваат“. Целта на овој симпозиум беше да се поттикне една плодотворна дискусија и разговор за образованието на медиумска писменост, којашто треба да „држи чекор“ со брзите општествени промени што ги носи вештачката интелигенција. За потребата од приспособување на вештачката интелигенција во наставната програма во училиштата зборуваше Александра Теменугова, програмски координатор на ИКС, која дава инструкции и насоки како да тече настанот и на што точно да се посвети внимание. „Не треба да се плашиме, само треба внимателно да ги применуваме новите технологии. Ние во УСАИД сме подготвени да ги прифатиме промените“, изјавила во своето обраќање Дон Кармин, директорка на Канцеларијата за генерален развој на УСАИД. Таа укажува и за свесноста за транзициските движења и за усвојувањето нови технологи кои ги трансформираат општествата.
Јанис Компатсијарис, директор на Институтот за информатички технологии – CERTH, го истакнал потенцијалот на вештачка интелигенција за подобрување на медиумската индустрија, особено ја истакнал опасноста од неетичко користење на овие технолошки алатки. Автоматското креирање содржини може да им заштеди време на новинарите, со цел тие повеќе да им се посветуваат на истражувачки теми“, рекол Јанис Компатсијарис. Тој нагласува дека постои опасност од дезинформации, а со ова се сложува и Томас Гуритин, специјалист по разговорна вештачка интелегенција и „четботови“. „Постои опасност од дезинформации кои се поттикнати од развојот на вештачката интелигенција и мошне е важно критичкото размислување за сузбивање штетените влијанија.
Лидија ел Хури, програмски менаџер на „Textgainı“ и координаторка на Европската опсервација за омраза на интернет – ЕООН,забележала дека вештачката интелигенција може да се користи во Северноатлантскиот совет за конечно сузбивање на штетениот онлајн-говор. Преку неа се мери токсичната атмосфера на социјалните медиуми или кон одредени личности.
За време на Симпозиумот беше одржана и работилница за млади на која над 30 средношколици и студенти се запознале со тоа како да се користат техничките алатки на одговорен и коректен начин. Работилницата ја воделе Гијс ван Бик и Борис Ристовски.
Проектот на УСАИД за медиумска писменост, „Младите размислуваат“, е петгодишен проект финасиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), а се спроведува од ИРЕКС, во соработка со Македонскиот институт за медиуми – МИМ, ИКС и со Младинскиот образовен форум – МОФ.
Американскиот народ преку УСАИД во Македонија вложил над 840 милиони долари, почнувајќи од 1993 година. УСАИД, не само заради унапредување на сопствената безбедност и економски просперитет, туку и преку соработка со други држави, помагајќи им на тој начин на земјите со коишто соработува да имаат самостоен и стабилен развој.

Васе Митреска

Во Армијата и во Министерството за одбрана има многу брилијантни жени, жени кои со својата професионалност и ентузијазам секојднево нѐ инспирираат и затоа сакаме да ја потенцираме нивната важност, претставувајќи некои од нив во нашето списание. Во овој број на магазинот „Штит“ ви ја претставуваме д-р Надица Тодоровска, вработена во ВМЦ, истакнат научник и професорка на Катедрата за природни и военотехнички науки на Воената академија



# Посветеност и љубов за професијата и педагошката дејност

Д-р Надица Тодоровска е вработена во Армијата од самото нејзино формирање. Родена е во 1967 г. во Скопје, и од најрана возраст се вљубила во предметот Хемија. Првите основи на хемијата ги добива во ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци“, за потоа патот да си го трасира во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“. Се запишува на Фармацевтскиот факултет во Скопје, каде што и дипломирала и специјализирала токсиколошка хемија. За себе вели дека е неуморен истражувач, дисциплиниран работник, кој со безусловна љубов го работи сето ова, среќна што ова за неа станало на некој начин и животна определба. За периодот на формирањето на Армијата во 1992 г. ќе рече дека бил исклучително чувствителен и тежок период, период кога сите ентузијастички, со огромна желба за работа учествувале, условно речено, во формирањето на Армијата. Вработена е во Военомедицинскиот центар како одговорен аналитичар и менаџер за квалитетот на водата и на почвата на Одделението за превентивна здравствена заштита. Од 1999 г. предава на ВА „Генерал Михајло Апостолски“ во Скопје како стручен соработник, асистент и насловен доцент на предметите Токсикологија на бојни отрови и Хемија во животната средина. Во разговорот отворивме многу теми и разговорот ни течеше како „вода“. На прашањето од каде црпи толкава енергија, жар и страст за да работи неколку работи симултано, таа одговори во нејзин стил – дека не е лесно, оти тоа бара голема организација, дисциплина, понекогаш знае сето тоа да биде и исцрпувачки, но кога нештата се работат со љубов, нема место за дилеми. Единствено смета дека административно-бирократските бариери понекогаш се толку големи, така што ја исцрпуваат и како работник, но и како научник во својата фела.
Таа ужива да работи со студентите и да им го пренесува своето знаење, иако за себе вели дека ја сметаат за строг, но правичен педагог. На прашањето дали има студенти со потенцијал којшто таа може да го уочи, вели дека има, дека постојат умни глави, иако студентите многу ретко се насочуваат за специјализација на токсиколошката хемија, од причина што станува збор за многу комплексна наука која користи скапи аналитички инструменти и материјали. Токму затоа таа несебично се труди да им ја доближи на студентите, онака пластично реално и разбирливо, со надеж дека еден ден токму некој од нив ќе пројави желба да ја наследи, бидејќи, како што и самата таа вели, нејзината струка е дефицитарна, а годините за заминување во заслужена пензија се бројат на прсти. Во своето портфолио се потпишала на повеќе од 30 научни трудови. Таа е единствената жена доктор на науки во нашата армија. Професор доктор Надица Тодоровска е член е на Фармацевската комора и член на НСО.
За крај, морав да ја прашам кога ќе погледне ретроспективно station наназад – што си вели таа за самата себеси. Дали е исполнета како работник и научник?
Во еден здив д-р Тодоровска заклучува дека е задоволна од постигнатото и дека верува дека успеала да остави наследство преку својата работа за идните генерации. Ќе подвлече дека, кога би имала „одврзани“ раце и повеќе финансии, во нашата институција, секако дека би можела да направи многу повеќе, но со оглед на сите околности, таа потврдува дека е задоволна. За сето погоре изнесено, како потврда и валоризација на целокупниот нејзин досегашен придонес во Армијата и во образовниот процес, токму оваа година манифестацијата „Вешта жена“ ѝ додели признание за вешта жена во процесот на образованието за 2023 г. Навистина блескава титула за која ќе рече дека ѝ е посебно драга, со оглед на тоа што во суштина таа е и хедонист, вљубеник во храната, во патувањата и во животот.
И, за крај, само уште една тајна за оваа жена професионалец, педагог и мајка на две ќерки – таа е љубител на џез-музиката и пее во повеќе хорови, а последен пат настапувала со група ентузијасти, со цел тие да се заложат самоиницијативно и спонтано да направат мешан џез хор, „Артизан“, во Скопје, каде што еднаш неделно се состануваат и ѝ се препуштаат на магијата на музиката. Благодарност до д-р Надица Тодоровска што имав прилика да го напишам сето ова за неа. На Армијата и на нашата држава ѝ се потребни повеќе жени како неа!

Марија Пеликон




# ОТВОРЕНИ АРМИСКИ
# ВО ПРЕСРЕТ НА ДЕНОТ










# ДЕНОВИ
# Т НА НАТО







# Пиштол „FN HP“ (Fabrique Nationale Hi-Power), во светот познат и како „Browning Hi-Power“

„FN HP“ е проектиран како класичен воен пиштол кој успешно се докажал во многу воени конфликти. Од неговото создавање до денес, константно еволуира со механички и естетски подобрувања, што придонело да се карактеризира со добар и современ дизајн, висок квалитет на изработка, сигурен и безбеден механизам на функционирање, одлична прецизност, одлично балансирање и ергономија, добро распоредени и лесно достапни команди и рамка за муниција со голем капацитет. Според начинот на дејствување, пиштолот припаѓа на групата полуавтоматски оружја. Практично, пиштолот работи на принципот кратко повлекување на цевката, а забравувањето се остварува со вертикално осцилирање на цевката, односно кога цевката со своите два горни навои за бравење навлегува во двете внатрешни вдлабнатини од навлаката.
FN HP стандардно се изработува од парче кован челик, кое со машинско глодање прецизно се обработува, но постојат и верзии кои се изработени од челик или дуралуминиум со прецизно лиење. Инаку самата изработка на деловите по квалитет се на врвно ниво, со многу мала радалеченост меѓу нив. За заштита од надворешни влијаниа металните делови се брунирани, но постојат и верзии кои се заштитени со фосфатизација, никлување и хромирање. Главни делови на пиштолот се: рамка со ракофат, чкрапало и неговиот механизам, навлака со преден и заден механички нишан и затворач, утврдувач на навлаката, повратна пружина и водиште на повратната пружина, цевка и рамка за муниција. Расклопувањето и склопувањето на пиштолот е едноставно и лесно,



а се изведува без алат, што помага за негово полесно одржување. Основната верзија на пиштолот поседува вграден SA-механизам (единечна акција) на чкрапалото, а во 1980-те години заради поголема безбедност е развиена и верзија со вграден DA-механизам (механизам со двојна акција). Кај основната верзија од пиштолот од левата страна на рамот се поставени: лостот за утврдување/ослободување на навлаката, копчето за ослободување на рамката за муниција и лостот на мануелната кочница. Но, развиени се и верзии кои поседуваат двострани команди од мануелната кочница и верзии кои наместо мануелна кочница поседуваат декокер. Исто така, кај првите верзии извлекувачот на куршуми бил вграден од десната внатрешната страна на навлаката, а почнивајќи од 60-те години на минатиот век е претставена верзија со надворешен извлекувач на куршуми. Карактеристично за овој пиштол е што нема вграден индикатор за куршум во цевката. Првите верзии од пиштолот, на навлаката поседувале фиксен преден нишан и заден тангентен нишан (со поделби до 500 m). Но, подоцна, од практични причини, се поставени механички ниски борбени нишани со можност за корекција според правец, опремени со три бели точки. Инаку, по желба на корисникот, задниот нишан може да се замени со микрометарски нишан што се приспособува. Цевката на пиштолот поседува должина од 118 mm, а внатрешно поседува 6 жлебови со десен од на ротација, чии кругови се затвораат на 240 mm. Првично, кориците од ракофатот биле изработувани од дрво (од орев), а подоцна се изработувани од лиена пластика или гума. Поставеноста на ракофатот и обликот на кориците придонесуваат за одлична ергономија при држење на пиштолот со едната или со двете раце. Рамката за муниција е изработена од челичен лим со пресување и е дворедна, а најзиниот стандарден капацитет е 13 куршуми (за муниција 9x19 mm). Но, за муницијата 9x19 mm се развиени и други рамки за муниција со капацитети од 10, 15 и 17 куршуми. Освен во калибарот од 9 mm, развиени се и верзии за користење на муницијата 7.65x21 mm и .40 S&W. Практично, од создавањето на пиштолот до денес се развиени многу верзии и подверзии но, како основни или главни, би можеле да се наведат „Mк I“, „Mk II “ и „Mk III“ кој, за разлика од првите две верзии, поседуваат и автоматска кочница на ударната игла. Исто така, пиштолот, освен во „FN Herestal“, со лиценца, или без лиценца, се произведувал и од други производители во светот. Од неговото воведување, па сè до денес, корисници на овој пиштолот (дали во воени или полициски единици) биле или се уште сè, околу 100 држави.

Ивица Дамески



**Објаснување на пресек-сликата**

**1.** Преден механички нишан
**2.** Цевка
**3.** Навлака
**4.** Позиција на бравење помеѓу навлаката и цевката
**5.** Утврдувач на навлаката со рамката на пиштолот
**6.** Куршум во лежиште на цевката
**7.** Ударна игла
**8.** Пружина на ударната игла
**9.** Лост на запнувачот
**10.** Заден механички нишан
**11.** Запнувач
**12.** Удирач на ударната игла во облик на прстен (постои и верзија во облик на буквата „Г“)




**13.** Носач (потпорник) за потребите на удирачот

**14.** Пружина за потребите на удирачот

**15.** Ракофат од рамката на пиштолот

**16.** Пружина од рамката за муниција

**17.** Рамка за муниција

**18.** Потиснувач на куршуми во рамката за муниција

**19.** Копче за ослободување на рамката за муниција

**20.** Лост на чкрапалото

**21.** Чкрапало

**22.** Попречен клин (за насочување на цевката)

**23.** Пружина на чкрапалото

**24.** Штитник на чкрапалото

| Тактичко- технички карактеристики на „FN HP-35“ | |
|---|---|
| **Муниција** | 9x19 mm Parabellum |
| **Должина** | 197 mm |
| **Должина на цевката** | 118 mm |
| **Височина (без нишани)** | 127.5 mm |
| **Широчина** | 36 mm |
| **Тежина на празен пиштол** | 882 gr |
| **Просечна брзина на проектилот на излез од цевката** | 335 m/s |
| **Ефикасен дострел** | 50 m |
| **Капацитет на рамката за муниција** | 13 куршуми (стандардна) |

**25.** Пружина во водиштето

**26.** Водиште на повратната пружина

**27.** Поклопец на водиштето

**28.** Повратна пружина




# Хеликоптер „Bell 429 GlobalRanger“

Хеликоптерот „Bell 429 GlobalRanger“ е развиен од страна на компанијата „Bell Helicopter“, во соработка со „Korea Aerospace Industries“ од Јужна Кореја и „Mitsui Bussan Aerospace“ од Јапонија. Бидејќи спаѓа во класата на лесни хеликоптери, може да обезбеди исклучителна брзина, долет и перформанси, со целосно интегриран стаклен кокпит и напреден систем за летање со повеќе простор во кабината од кој било друг лесен хеликоптер

„Bell 429 GlobalRanger“ има брз и лесен пристап за реализација на секоја мисија и може да се реконфигурира едноставно, во зависност од задачата. Се употребува за примарни мисии од страна на воздухопловните сили и цивилните компании за спроведување на законот, за пребарување и спасување, за итна медицинска помош, за операции за хуманитарна поддршка и за операции за поддршка на производство на нафта. До јули 2018 година, вкупно 325 хеликоптери направиле налет, што навистина претставува успех за почит – околу 330.000 часа за владини безбедносни агенции, за воени единици, полициски оддели и за медицински тимови во 42 земји во светот, а најмногу во: Австралија, Нов Зеланд, Франција, Индонезија, Кувајт, Оман, Швајцарија, Словачка, Шведска, Турција, Тајланд, САД и Обединетото Кралство.

Развојот на „Bell 429 GlobalRanger“ првенствено бил конструиран од индустријата, поради потреба за изведување операции и за итни медицински услуги. За таа цел првично бил наменет хеликоптерот „Bell 427“, но поради малата големина на кабината и неможноста соодветно да се инсталира носилка за пациенти, но и поради не постоење на можност за сертификација на системите во согласност со правилата за летање според инструменти (IFR), оригиналниот концепт на компанијата „Bell“ бил хеликоптер со поголем волумен на кабината, кој бил откриен на Саемот за хеликоптери во 2004 година. Компанијата ја напуштила првичната воздушна конструкција на „Bell 427“ и презема концептуална рамка, односно модуларна воздушна рамка и напреден дизајн (Modular Affordable Product Line). Првиот лет на прототипот „Bell 429 GlobalRanger“ бил реализиран во 2007 година, а со сертификат за тип се стекнал во 2009 година. Овој тип на хеликоптер е релативно нов. Официјално бил пуштен во употреба во 2010 година. Со добивањето на сертификат, хеликоптерот се стекнал со способност за управување од еден пилот во инструментални услови. Сертификацијата првично била планирана за крајот на 2007 година,

но имало доцнење во распоредот на програмата, првенствено предизвикано од недостиг на делови и заеднички материјали. Во октомври 2007 година била поставена надворешната конфигурација, а во 2008 година имало три модели на „Bell 429“, вклучени во тестирањето, со околу 600 часови реализиран налет. Хеликоптерот поседува високи перформанси и може да се пофали со импресивни карактеристики. Издржлив е на високи температури и може да достигне голема надморска височина (тестирањето на голема надморска височина било спроведено во Колорадо, додека тестирањето на висока температура во Аризона). Во текот на 2009 година хеликоптерот добил сертификат за тип од страна на Транспортната канадска цивилна авијација и од Федералната управа за авијација на САД.
Хеликоптерот „Bell 429 GlobalRanger“ вклучува нова воздушна рамка со модуларни системи и напреден систем на роторот развиен врз основа на концептот на модуларна линија на производи со пристапна цена. Има движечки систем со четири лопатки на главниот ротор кои се композитни и имаат специфични завршетоци за намалена бучава и за намалено ниво на вибрации. Хеликоптерот има композитна и алуминиумска структура, со висока моќност во соодносот на тежината и силата на голема надморска височина и се користи во планински области. Поседува богата опрема од системи во делот на авиониката: Display Unit, NAV/COM/GPS, 4 Axis Autopilot (Automatic Flight Control System), Traffic Avoidance System, Traffic Advisory System, ADS-B, Radar Altimeter, Weather Data Link, Satellite Datalink, Emergency Locator Transmiter, Helicopter Terrain Avoidance and Warning System и многу други.
Како стандард поседува дисплеј-пилотска кабина и автопилот со три оски (опционален комплет за четврта оска), а стандардната опрема за слетување е од типот „ски“. Хеликоптерот има предност поради најновата технологија за дисплеј и компјутерска обработка. Хеликоптерот е категоризиран во IFR-категорија, со еден пилот и е оспособен да продолжи да оперира со еден мотор. Стаклената пилотска кабина на „Bell 429“ располага со „BasiX-Pro“ (Integrated Avionics System), авионски пакет кој интегрира два или три повеќефункционални дисплеи. Авионскиот систем „Bell BasiX-Pro“ е специјално дизајниран да ги задоволи барањата за реализација на задачите и операциите со „Bell 429 GlobalRanger“. Системот е мошне флексибилен и може да се конфигурира за да одговори на различни оперативни потреби. Хеликоптерот располага и со интегриран електронски рекордер на податоци, со цел да обезбеди



подобрена свест за ситуацијата и анализа по летот.
Со својата должина на товарната кабина од 12,7 метри, може да пренесе до 7 патници, односно во ВИП-варијанта и до 5 патници. Кабината е дизајнирана со големи прозорци кои нудат одличен поглед за патниците. Кога хеликоптерот е празен неговата тежина изнесува 1.925 килограми, со можност за носење корисен товар од максимални 1.371 килограми. Максималната тежина на полетување изнесува 3.175 килограми, максималната брзина е 287 км на час (важи за еден од најбрзите хеликоптери во својата класа) и има максимален долет од 760 километри.
Во однос на тековното одржување, хеликоптерот „Bell 429 GlobalRanger“ бил дизајниран во согласност со процесот за сервисирање кој овозможува беспрекорни процедури за одржување кои ги намалуваат оперативните трошоци и заштедуваат време. За да се обезбедат ниски директни оперативни трошоци, ниски директни трошоци за одржување и подобрена сигурност со цел зголемување на безбедноста на патниците, се користи управувачката група за одржување. Процесот го води управувачка група составена од претставници од компанијата, регулаторни органи и оператори. Поради овие карактеристики хеликоптерот треба периодично да се проверува на секои 200 часа налет. Поради сите овие карактеритики, овој тип на хеликоптер треба да биде еден од најлесните хеликоптери за правилно и тековно одржување. Хеликоптерот „Bell 429 GlobalRanger“ е првиот хеликоптер што го користи истиот процес на одржување како и комерцијалните авиокомпании, со цел да обезбеди континуирана пловидбеност.

Драган Павловски





# „Шакал 3“ – камион со висока подвижност, производство на Обединетото Кралство

Камионот со висока подвижност „Шакал 3“(„Jackal 3“ – High Mobility Truck, HMT 400 series, UK) е најновата верзија на возилата „Шакал“, развиена од страна на „Babcock International Group“, компанија за одбранбени услуги со седиште во Велика Британија и „Supacat“, британски производител на воени возила за потребите на британската армија

Компаниите „Babcock“ и „Supacat“ започнаа со производство на 70 возила од типот „HMT Jackal 3“ во февруари 2024 година, како дел од копнената индустриска стратегија на Обиденетото Кралство, која има цел да ја подобри соработката помеѓу Министерството за одбрана на ОК и воената индустрија. Тоа е еден од првите договори што се доделуваат во рамките на програмата. Британската армија во својот инвентар веќе го користи транспортерот со висока мобилност „Шакал 2“, 4×4“, којшто е идеална платформа за извидување, брз напад, огнена поддршка и заштита на конвои. Возилата „Шакал“, освен во Велика Британија, се користат и во: Данска, Австралија, Нов Зеланд, Норвешка и Естонија.

Во февруари 2023 година, компанијата „Supacat“ доби договор од 90 милиони фунти (113,6 милиони долари) од „Defence Equipment & Support“ (DE&S), за да испорача 70 платформи, високомобилни камиони (HMTV), варијанта „Mk 2 Extenda“, кои обезбедуваат зголемена флексибилност во одбраната, бидејќи нивниот модуларен дизајн им овозможува да функционираат или како возило на „Шакал (L400)“ или како „Којот (L600)“. На компанијата „Babcock“ му беше доделен потдоговор од еден извор од компанијата „Supacat“, главниот изведувач за производство на 62 возила до април 2024 година, во неговиот објект лоциран во Девонпорт, Плимут, Обединетото Кралство. Компанијата „Supacat“ ќе ги произведува преостанатите осум возила во истата временска рамка во своите капацитети во Данксвел. Договорот има потенцијал да произведе до 240 лесни оклопни возила, во зависност од оперативните барања.

**Дизајн и карактеристики**

Високомобилното возило „Шакал 3“ е долго 5,79 метри и широко 2,05 метри, со максимална и минимална висина од 1,88 и 2,44 метри. Патеката е долга 1,7 метри, додека растојанието меѓу оските е 3 метри. Возилото е наречено „Шакал“ од страна на клиентите од ОК, серијата „HMT 400“ има мошне разновидна платформа, со неспоредливи перформанси во крос-кантри.

Бруто-масата на возилото е 7600 кг. Неговата максимална тежина (заедно со горивото и оклопот) е 5.500 килограми, а носивоста е 2100 килограми. Брзината на возилото е 120 км/ч. Максималниот досег на патот на возилото е 800 км, може да совладува водени препреки до 1 метар, совладува наклон до 60%, и страничен наклон до 35°. Има круг на вртење (од раб до раб) од 13,5 метри и капацитет на гориво од 200 литри. Максималното и минималното растојание од подлогата се 4,85 m и 1,8 m соодветно, додека аглите на приближување и заминување се 40°, а аголот над рампата е 150°.
Возилото „Шакал 3“ се набавува како возило 4×4, но може да се конвертира во возило со погон на шест тркала поради новиот систем на суспензија, така што практично се удвојува неговата носивост. Возилото ќе биде помалку забележливо и ќе нуди подобрена електромагнетна компатибилност, заедно со подобра заштита на екипажот од евентуално превртување. Возилата ќе бидат опремени со воено инфрацрвено светло за возење од серијата „Predator Venta“, воено инфрацрвено задно светло и страничен индикатор за насока од шеста категорија SDI6. Опционалните додатоци за возилото вклучуваат „run-flat“ гуми, диференцијали за заклучување, чекрк за самоизвлекување, држачи за оружје, далечинска вооружена станица, фрлачи на димни гранати и можност за избор за поставување на воланот од десната или левата страна. Иновациите и технологијата се беспрекорно интегрирани во секој чекор од производствениот процес, искористувајќи ја моќта на софтверот „Pulse“ креиран по мерка за подобрување на ефикасноста при склопување (составување) на возилото.

**Вооружување и погон**

Возилото „Шакал 3“ нуди низа легла за оптоварување, специфични за извршување на мисијата, вклучително и опции за вооружување, комуникации и опрема за разузнавање, надгледување, насочување и извидување. Возилото ќе биде опремено со носач за вооружување ISTEC (специјален дизајнер и производител на воена опрема), кои овозможуваат возилото да биде опремено со митралези за општа намена и со тешки митралези. Дополнително, може да биде опремен со опционален комплет за зголемена безбедност за противминска заштита (заштита од експлозија на мини) и балистичка заштита.
Возилото „Jackal 3“ го придвижува 6,7-литарски дизел-моторот од производителот „Cummins“ кој испорачува 180hp при вртежен момент од 700 nm/t. Спарен е со целосно автоматски менувач на „Allison Transmission's Specialty Series 2500“. Системот за сопирање користи хидрауличен систем преку воздух со систем за сопирање против блокирање (ABS-anti-lock braking system) за зголемена безбедност, а електричниот систем работи на напојување од 24v DC. Вклучени се и изведувачи за производството на високомобилните возила ISTEC, кои обезбедуваат држачи за пиштоли за новите возила, додека „Allison Transmission“, конвенционален и електрифициран провајдер на решенија за погон на возила, имаше договор за снабдување со 70 2500 SP, целосно автоматски менувачи за возилата во септември 2023 година. „Mitchell Powersystems“, партнер на каналот на „Алисон, со задача да ги подготви и да обезбеди автоматски менувачи, а компанијата „Venta“, снабдувач со осветлување за возила, имаше договор да испорача осветлување за возилата „Шакал 3“ во јули 2023 година. Неговиот претходник, веќе добро докажан на суровиот терен на бојното поле во Авганистан, варијантата „400“, има уникатен систем за воздушно потпирање, што овозможува избор на променлива висина на возење за да одговара на теренот и, исто така, овозможува внатрешно оптоварување во рамките на „CH-47 Chinook“.

Идриз Идризоски



| **Останати карактеристики и спецификации на возилото „Шакал 3“ се:** | |
|---|---|
| **Производител** | „Babcock и Supacat Limited“ |
| **Тип на возило** | „High mobility truck vehicle“ |
| **Должина** | 5,79 метри |
| **Широчина** | 2,05 метри |
| **Висина** | 2,44 метри |
| **Бруто-тежина** | 7,6 тони |
| **Капацитет на носивост** | 2,1 тони |
| **Мотор** | „Cummins 6.7l turbocharged diesel engine“ |
| **Трансмисија** | „Allison 2500 transmission“ |
| **Оперативен дострел** | 800 км |
| **Максимална брзина** | 120 км/ч |
| **Совладување на наклон** | од 60% |
| **Совладување на страничен наклон** | 35% |
| **Совладување на водена препрека** | 1 м |
| **Радиус на вртење** | 13.5 м |



# „Mitsubishi G4M“

Во 1937 година, во борбените операции над кинеското тло, најчесто употребуван јапонски воздухопловен бомбардер бил претходникот на „Мицубиши Г4М“G4M – „Мицубиши Г3М“. По само два месеци оперативно дејство, перформансите на авионот придонеле за брза и правилна реакција на Јапонската морнарица

Официјално, историјата го бележи почетокот на Втората светска војна на 1 септември 1939 година. Германскиот „блицкриг“ набргу бил проширен од Полска, па сè до Англискиот и до Атлантскиот Канал на западноевропскиот брег. Но, на Истокот работите биле одамна веќе вжештени и втурнати во крвави битки кои биле иницирани од страна на Јапонската Империја. Во доцните 1930-ти години, Јапонија веќе настојувала да заземе што поголем дел од Кина со помош на амфибиска и копнена инвазија, но и со огромно учество на јапонските воздухопловни сили. Како резултат на ова, голем број кинески градови се уништени од јапонските бомбардери. Имено, Јапонија била во процес на модернизирање на своите вооружени сили речиси на секое поле. Нејзината морнарица во доцните 1930-ти години располагала со најмодерни и најсофистицирани бродови. Од другата страна, пак, воздухопловството не било толку напредно во тој период и поголемиот дел се потпирал на застарени модели на ловци и ловци-бомбардери. Исто како и Германија, така и Јапонија не располагала со големи и тешки бомбардери, туку со бомбардери од средна класа, односно бомбардери за тактичка или за поморска употреба. Јапонската воздухопловна индустрија била понапредна во тој домен, а тоа се гледало по одличниот софистициран тактички бомбардер „Мицубиши Г4М“. Неговиот изглед предизвикал невообичаен прекар кај јапонските пилоти – „Летачката пура“. Но, неговиот удел во поддршката на јапонските поморски, копнени и амфибиски операции бил неприкосновен. Бил еден од најдобрите тактички бомбардери во Втората светска војна.

Дизајн

Во 1937 година, во борбените операции над кинеското тло, најчесто употребуван јапонски воздухопловен бомбардер бил претходникот на „Мицубши Г4МG4M“ – „Мицубиши Г3М“. По само два месеци оперативно дејство, перформансите на авионот придонеле кон брза и правилна реакција на Јапонската морнарица. Таа реакција преминала во барање

подобра и пософистицирана верзија на авионот, базирајќи се на концептот на „Мицубиши Г3М“. Спецификациите биле без преседан во тоа време. Новиот авион требало да биде придвижуван од два мотори, да извршува оперативни дејства од копно, да има максимална брзина од 398 километри на час, оперативна висина на крстарење од 3000 метри и маскимален опсег на дејство од 4722 километри, без бомби и торпеда, а за 3700 километри авионот бил вооружен со торпедо од 800 килограми. Баранiот концепт произвел дизајн што примарно орбитирал врз два параметри, брзина и максимален опсег на оперативно дејство. Но, за да се посигнат бараните карактеристики, дизајнерите на воздухопловот морале да отстапат од некои стандардни параметри при изградбата. Тимот на „Мицубиши“, предводен од Киро Хонџо, свесно не вградил самозапечатувачки резервоари за гориво и дополнителен оклоп за воздухопловниот персонал, со цел да ја намали тежината. Имено, овој пристап го направил воздухопловот брз, што не е карактеристично за неговата класа која е со огромен опсег на оперативно дејство. Но, исто така, авионот бил екстремно „ранлив“ на непријателски митралески оган. Дури и сојузничките ловци, кои биле опремени со малокалибарски митралези, немале проблем во соборувањето на воздухопловот. Сојузничките пилоти дури измислиле и прекар за бомбардерот – „Летачкото зипо“. Ова се должело на лесната запалива природа на неговите крила, бидејќи незаштитените и несамозапечатени резервоари за гориво биле лоцирани во првата половина од конструкцијата. Главниот проблем на претходникот на „Митцубиши Г4М“, „Мицубиши Г3М“, бил недоволното вооружување за самозаштита. Па, затоа, дизајниерите на „Мицубиши Г4М“ во дизајнерските нацрти лоцирале митралези со калибар од 7.7 милиметри во носниот дел на бомбардерот, на горниот дел од воздушната конструкција, на страните од централната воздушна конструкција, и топ со калибар од 20 милиметри, лоциран во опашката на авионот. Овие адути мошне придонеле за коефициентот на издржливост на авионот. Имено, авионот бил најефективен кога бил употребуван во борбени операции со лет на средни до големи висини, напаѓајќи статични цели, како магацини и фабрики за муниција и оружје, пристаништа и аеродроми. Неговата брзина се покажала како огромна предност, бидејќи воздухопловот можел да се појави од која било насока, ненадејно да го исфрли својот товар од бомби врз целта и да постави курс кон враќање во




базата пред непријателските ловци да го пресретнат. Дополнително, повеќето бомбардери од тоа време најчесто биле дизајнирани со вооружување од митралези во опашката, со калибар од 7.7 милиметри или 12.7 милиметри. Дваесетмилиметарскиот топ на „Мицубиши Г4М“ претставувал иновација како задно самоодбранбено оружје и сериозна опасност за сојузничите пилоти на ловци кои се обидувале да го соборат авионот со напад одзади. Доволни биле само неколку 20-милиметарски проектили за да го соборат напаѓачкиот ловец. Воедно, покрај брзината, големиот оперативен опсег, вооружувањето, авионот бил еден од најцврсто изградените воздухоплови отпорни на непријателски оган. Единствената слабост биле несамозапечатуваките резервоари во крилата. Но, доколку непријателската противавионска одбрана не ги погоди крилата на авионот, воздухопловот бил речиси неуништлив. Како пример, јапонскиот напад на американскиот брод „УСС Чикаго“ за време на битката за Ренелските Острови, четири „Мицубиши Г4М“ се вратиле во домашните бази, и покрај тоа што едниот мотор од неговите два, биле уништени, и воздушната конструкција била со голем број дупки и уништени панели. Јапонскиот воздухоплов бил лесно споредлив со германскиот бомбардер „Хајнкел Хе-111“ и со американскиот бомбардер „Б-25“. Овие воздухоплови биле употребувани во речиси слични, ако не и исти улоги. Една од тие улоги била функцијата на напаѓач на бродови. Тука јапонскиот бомбардер бил супериорен во споредба со германскиот или со американскиот бомбардер. Јапонската морнарица го употребувала авионот во противбродски мисии






| Главни карактеристики на „Mitsubishi G4M” | |
|---|---|
| **Екипаж** | 7 |
| **Должина** | 19,97 метри |
| **Распон на крила** | 24,89 метри |
| **Висина** | 4,9 метри |
| **Површина на крилата** | 78.125 квадратни метри |
| **Мотор** | Два клипни мотори „Мицубиши МК4А Касеи 11“ со 14 цилиндри на воздушно ладење. Еден мотор бил способен да развие 1530 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 428 километри на час, на висина од 4200 метри |
| **Опсег на летање** | 5040 километри |
| **Опсег на оперативно летање** | 2852 километри |
| **Стапка на искачување** | Достигнува висина од 5000 метри за период од 5 минути и 49 секунди |
| **Вооружување** | Еден митралез „Тајп 92“ со калибар од 7,7 милиметри, лоциран во носот на авионот, еден митралез „Тајп 92“, лоциран во горниот дел од воздушната конструкција, два митралези „Тајп 92“ со калибар од 7,7 милиметри на двете страни од централната воздушна конструкција и еден топ „Тајп 99“ со калибар од 20 милиметри, лоциран во опашката на аивонот;<br><br>Едно торпедо „Тајп 91“ со тежина од 858 килограми или една бомба со тежина од 800 килограми или, пак, четири бомби со тежина од 250 килограми, или една „самоубиствена“ бомба „Јокошука MXY-7“, со тежина од 1200 килограми. |

со огромен успех, во периодот од 1941 до 1944 година. Авионот учествувал речиси во секоја голема борбена операција на пацифичкото борбено поле, особено онаму каде што на јапонската морнарица им требале бомбардери кои би биле способни да оперираат од копно. Како пример за една таква операција бил почетокот на јапонското ширење во Југоисточниот Пацифик во 1941 година. Јапонското воено раководство употребило 107 „Мицубиши Г4М“ при бомбардирањето на Филипините. Но, можеби највпечатливото дејство на авионот било во јапонската операција, која завршила со потопување на британските бродови „Принцот од Велс“ и „Репулс“. Торпедата на „Мицубиши Г4М“ биле на некој начин инструментални при потопувањето на британската гордост во Индопацификот. Нападот бил изведен со летање на само 10 метри висина од океанот.

**Варијанти**

Со многубројните и различни улоги на авионот, дизајнерскиот тим развил неколку варијанти за различна употреба со различни карактеристики.

**Модел „22 Г4М2“**

Овој модел бил базична варијанта, која во текот на производството забележала минимални промени од неговата оргиналната замисла. Авионот понекогаш бил изграден и со поинакви испустни врати за бомбите и со различни рамни стакла во носниот дел.

**Модел „22 Ко Г4М2“**

Авионот бил произведен со вграден радар „Тајп 3 Ку Марк 6“ и бил вооружен со два топа „Тајп 99 Модел 1“ со калибар од 20 милиметри, лоцирани на страните од централната воздушна конструкција.

**Модел 22 Отсу Г4М2**

Топот со калибар од 20 милиметри, лоциран во опашот на аивонот, бил заменет со нов топ „Тајп 99 Модел 2“ со калибар од 20 милиметри но со подолга цевка.

**Модел „34 Г4М3“**

Авионот бил произведен со самозапечатувачки резервоари за гориво, нов дизајн на опашката и на местото за вооружување на опашката и редизајнираните крила. Вооружувањето се состоело од два митралези: „Тајп 92“ со калибар 7.7 милиметри, лоцирани во носот на авионот, два митралези „Тајп 92“ со калибар од 7.7 милиметри лоцирани на страните од централната воздушна конструкција и еден топ од моделот „99 1“, со калибар од 20 милиметри во опашката на воздухопловот.

Димитар Даневски



# „Шмајсер" – легендарно оружје со погрешно име

> Ова е приказна за автоматот кој во своето време бил вистинско техничко чудо, но и статусен симбол кој сите сакале да го поседуваат и да се сликаат со овој тип на автомат

Автоматот е оружје со помали димензии, но со голема огнена моќ, кој пука со рафален оган и користи пиштолска муниција, а настанал кон крајот на Првата светска војна. Некои експерти се на мислење дека првиот автомат бил италијанското оружје „Вилар пероса" но, всушност, прв автомат во историјата бил германскиот „Бергман МП18/I". Многумина сметаат дека автоматот се појавил поради посебните потреби за време на Првата светска војна и дека со тоа сѐ се завршува. Но, меѓу Германците не владеело такво мислење. Тие на автоматот гледале како на оружје на идната војна и за жал во тоа биле сосем во право. Дека ефикасноста на автоматот кон крајот на Големата војна била голема, може да се заклучи и од тоа што сојузниците, после војната, на Германија ѝ забраниле да произведува и да користи автомати во војската. Некои противници на автоматот како воено оружје сметале дека тоа е типично полициско оружје. Затоа и најпознатите американски автомати „Томсон М1921" и „М1928", сѐ до почетокот на Втората светска војна биле исклучиво полициско оружје. Искуствата од Шпанската граѓанска војна покажале дека автоматите ќе бидат неопходно оружје во новата војна, чија сенка се надвиснувала над целиот свет. Германците, со вешто избегнување на ограничувањата кои им биле наметнати со Версајскиот мир по доаѓањето на нацистите на власт, забрзано произведувале секакво вооружување, па и автомати. Биле произведени голем број на различни модели и сите тие биле користени во Втората светска војна. Потребата за автомати била голема, а меѓу бројните модели по својот дизајн, техничко-технолошките иновации и популарност, ќе се издвои еден модел – легендарниот „Шмајсер". До 1936 година, десетина модели на гермаските автомати имале сличен дизајн и биле базирани на првиот автомат Бергман. Од 1936 година, германската Врховна команда трага по нов модел на автомат кој би ги задоволил потребите на планираниот „блиц криг" и сѐ поголемиот број на оклопни, механизирани и на падобранските единици. Новиот модел требал да биде со мали димензии, со што помала тежина, без дрвени делови, лесен за обука и за употреба, за расклопување и одржување. Така, во предвечерието на Втората светска војна, во вооружувањето е воведен автоматот „Ерма МП38" (Maschinen pistole 38), во германскиот службен пиштолски калибар 9 мм „Парабелум" (9х19мм Пара), кој бил конструиран од инженерскиот тим на фабриката „Ерма". Званичното име на автоматот бил „Ерма", според фабриката каде што е конструиран и произведен автоматот. Тоа не било ретко кај Германците, нивните оружја, па и автоматите, да го носат името на фабриката или на конструкторот. Автоматите „Бергман МП18/I" и „МП1928/II" биле конструирани од Хуго Шмајсер, но биле наречени

според фабриката, додека „Бергман МП34/I“ бил конструиран од Теодор Бергман, дизајнер и сопственик на фабриката. Автоматот „Ерма МП38“ и неговите наследници го добиле погрешното име уште на самиот почеток на војната. Инаку, доколку овој автомат би се викал според констукторот, а не наместо според фабриката, соодветното име за него би било „Гајпел“ или „Фолмер МП38“. Сепак, не само што името „Шмајсер се одомаќинило“, туку и благодарение на „Ерма“, овој автомат станале синоним за автоматите.
Под името „Шмајсер“ не се подразбира само еден модел, како што обично се мисли. Во прашање се вкупно седум различни модели кои се произведувале од 1938 до 1945 година. Моделот „38“ бил пионерско дело. Исто како што моделот „Бергман 1918“ имал конструкциски решенија од коишто по некое го имало и секој нареден автомат, така и после појавата на „МП38“, нема автомат, па и друго автоматско оружје, кое нема барем некое од неговите решенија.
„МП38“ работел на принцип на слободно повратно движење на затворачот. Со повлекување на рачката, затворачот се запнува и останува во задна положба. Со притискање на чкрапалото, затворачот се отпушта од задната положба и со силата на повратната пружина оди напред, го зема куршумот од рамката за муниција, го уфрлува во цевката и врши истрелување. Потоа со силата на барутните гасови затворачот оди наназад, се запнува и продолжува циклусот на истрелување, сè додека чкрапалото се држи притиснато. Теоретски, „Шмајсер“ можел да пука само со рафален оган, но вешт стрелец со контролиран притисок на чкрапалото можел да пука и со единечен оган. Тежината и големината на оружјето овозможувале, и покрај јаката муниција, отсуство на таканареченото бравење на затворачот, што го поедноставувало и поевтинувало производството. Гајпел на „МП38“ ја применил употребата на таканаречениот телескопски затворач од три дела, кои при движењето на затворачот влегувале еден во друг, што овозможило значително намалување на должината на оружјето. Овој патент Гајпел и неговиот колега Фолмер го примениле уште во 1927 година на автоматот Е„рма-Фолмер“. Автоматот „МП38“ бил направен исклучиво од метал и од  пластика и тоа било навистина пионерско решение. Првиот успешно применлив метален кундак на склопување во историјата на вооружувањето овозможил оружјето да биде полесно, пократко и погодно за носење. Новиот автомат, со кундак на склопување бил за 18 – 27 сантиметри пократок од дотогашните модели и скоро половина метар пократок од стандардната германска војничка пушка Маузер 98к. Наместо дотогашните рамки за муниција кои се ставале од левата страна на оружјето, на МП38 рамката за муниција по прв пат се става вертикално, односно под оружјето, што се сметало за попрактично решение. Пластичните делови, пиштолската ракофатка и долниот дел на сандакот биле изработени од исклучително цврсти синтетички материјали, збиени под голем притисок, а потоа пескарени да би биле мазни и нерефлектирачки. Ова било повеќе од иновативно во областа на индустријата на вооружувањето, а со тоа се штеделo и на дрвото кое можело да се искористи во другите сегменти на германскаta воена индустрија. Рачката на затворачот, што е најкарактеристично била сместена на левата страна на оружјето. Тоа на корисникот му овозможувало да го репетира оружјето не симнувајќи ја раката од ракофатката и неодалечувајќи ја од чкрапалото, што се сметало за многу практично, бидејќи стрелецот бил подготвен во дел од секундата за отварање на оган.Бидејќи куќиштето на затворачот било изработено од челик, за да се намали тежината тоа било издлабено по површината. Таа ребраста површина на МП38 претставува една од најпрепознатливата надворешна карактеристика. Друга, типична особина била машински обработениот дел за ставање на рамката за муниција кој бил со мазна површина и со два големи отвори на двете страни, направени заради олеснување на овој дел на оружјето. МП38 имал и рамка за муниција со мазна површина, а карактеристична била и потпорната шипка под цевката која служела како



потпора за пукање низ отворите на оклопните возила, како и наврткaта на устата на цевката која ги штитела навоите за монтажа на додатокот за употреба на маневарска муниција.
„Ерма МП38“ веднаш станал омилено оружје на германските падобранци, па добил незванично име „Fallschirmjäger modell“ (падобрански модел). Меѓутоа, за разлика од дотогашните модели, „МП38“ многу брзо влегол во употреба во целата германска војска, како во Вермахтот, така и во СС-единиците како оружје на тенковските посади, на посадите на оклопните транспортери и како оружје на командирите на пешадиските водови и одделенија.
Автоматот бил најевтин од сите дотогашни автомати и чинел 57 тогашни рајхсмарки. Затоа и бил најбројниот автомат во полската и во француската кампања, па се сметал за типично оружје на блиц-кригот.
Единствен недостаток кај оружјето е забележен при неговата практична употреба веднаш на почетокот на војната. Автоматот „МП38“ можел да





се закочи само запнат, со рачката во задна положба, со нејзино уфрлување во посебен жлеб. Во предна положба тоа не било предвидено, па се случувало да при пад на автоматот на задната страна, на тврда подлога, затворачот сам да тргне на назад и да изврши репетирање и испукување и да предизвика сопствени жртви. Ова аномалија покасно ќе биде исправена, па најголемиот број на МП38 ќе добијат нова, сигурносна рачка на затворачот која поради кочење се уфрла во нов изрез на сандакот. Тие модели ќе добијат ознака МП38/40. Бертолд Гајпел и неговиот тим сакале да го усовршат „МП38“, но и уште повеќе да го поевтинат и поедностават, а со тоа и да го зголемат производството. Така, две години подоцна, настанал „Ерма МП40“. Во суштина тоа бил ист автомат како и „МП38“, но некои измени се видливи и однадвор. Наместо ребрастиот сандак воведен е сандак од пресуван лим и со мазна површина. Тоа уште повеќе го олеснило оружјето. Деловите кои дотогаш се изработувале од алуминиум исто така се заменети со пресуван лим. Рамката за муниција ги добила препознатливите надолжни вдлабнатини. Најголем број на делови на МП40 се спојувале со едноставно точкесто заварување. Сето тоа во голема мерка го поедноставило и забрзало производството, но новиот модел бил за 3 Рајхсмарки поскап. Заштедата не била директно во пари, туку во фактот дека со користење на пресувани лимови се штедело на дефицитарните метали и легираниот челик. Деловите на модернизираниот МП40 со минимална машинска обработка биле меѓусебно заменливи, погодни за изработка во поголем број на фабрики, што овозможило масовно производство. Комплетни автомати МП40 произведувале Ерма од Ерфурт, Штаер во Австрија и Хенел од Зул, додека поединачни делови биле произведувани ширум Рајхот и се склопувале во овие три фабрики. Набрзо, Гајпел вовел уште некои измени  и масовно производство, но врзано и за безбедноста на оружјето. Машински обработуваниот дел за ставање на рамката за муниција почнал да се изработува, како и многу други делови од пресуван лим и ги добил препознативливите хоризонтални ребра. Променет бил изгледот на наврткаta на устата на цевката, како и исфрлувачот на чаурите. Меѓутоа, најважната измена се состоела во воведувањето на побезбедната дводелна рачка на затворачот, вградена на дел од старите модели „МП38“, како и дел од поранешниот модел „МП40“. Новиот сериски произведуван модел бил познат како „МП40/I“. Тој истовремено бил најброен модел кој се произведувал и денес се смета како класичен, односно стандарден модел „Шмајсер“. Но, сепак, за вистински „Шмајсер“, може да се каже дека е варијантата „МП41“, затоа што конструктор на овој модел навистина бил Хуго Шмајсер. Тој всушност само го адаптирал автоматот „МП 40/I“ на Гајпел, така што му додал дрвена облога и кундак и селектор на оган (автоматски и единечен оган). Така, тој ја спојил конструкцијата на Гајпел со сопствениот дизајн на автоматот Бергман МП8/II. Според надворешниот изглед овој автомат колоквијално се нарекувал Шмајсер со дрвен кундак. На него наместо воените ознаки се наоѓала класичн комерцијалн натпис „MP41 Patent Schmeisser C.G. Haenel Suhl“. Веројатно токму овој натпис на МП41 допринел да сите автомати од истата фамилија да го добијат името Шмајсер. Со својот изглед и техничките решенија, „Шмајсер“ пленел секаде каде што ќе се појавел. Со модерен дизајн, мал и практичен, давал голема огнена моќ на поединецот, па затоа станал омилено оружје на борците во Втората светска војна. Покрај германската војска со него биле вооружувани и бројни квислиншки формации, а движењата на отпорот со задоволство ги користеле во борба запленетите автомати.

Потребата за евтин и едноставен автомат, предизвикана со појавата на „Шмајсер“ се јавила и кај сојузниците. Тие веќе имале свои автомати но тие биле скапи и комплицирани, па ги замениле со поевтини модели по примерот на „Шмајсер“. Така настанале автоматите: британскиот „Стен“, американскиот „М3“ и рускиот „ППС-43“. Со својот дизајн и техничко-технолошките решенија, „Шмајсер“ извршил големо влијание врз автоматите за време, но и после војната. Телескопскиот затворач од „Шмајсерот“ овозможил после војната да се појават автомати со многу мали димензии, како што е на пример израелскиот „Узи“. После војната се појавиле голем број едноставни и евтини модели базирани на технологијата на пресуван лим, но  бргу биле потиснати од  јуришните пушки. Кога некое оружје е квалитетно, тешко е да се откажете од неговите услуги. Таков случај е и со Шмајсерот. Запленетите Шмајсери, сојузниците после Втората светска војна ги поделиле на западните воено неразвиени земји. Бидејќи бројот на запленети „Шмајсери“ од страна на НОВ и ПОЈ бил голем, тој бил главен автомат во вооружувањето на повоената ЈА и ЈНА. „Шмајсерот“ се задржал во ТО се до седумдесеттите години на минатиот век. Норвешка го користела сè до 1970 година, а нивната татковинска гарда сè до 1990 година, а се користел и за време на Граѓанската војна во Грција, Арапско-израелските војни и во текот на војните во Виетнам.

Александар Стојчевски





# „RTF1“ 120 мм – основа за развој на модерните минофрлачи од 120 мм

Минофрлачите се наменети за дејство на жива сила и огнени средства, а особено на испресечено и планинско земјиште, кога целите се наоѓаат на задниот нагиб, за отворање премини преку жичани пречки и рушење на лесни фортификациски објекти. Уфрлувачката патека и малиот простор кој го зазема на огнената позиција, дозволува минофрлачот да биде сместен во заклони во кои непријателот не може лесно да го уништи. Со употреба на соодветни мини се врши осветлување и зачадување на бојното поле. Минофрлачот се произведува во TDA Armements (денес THALES) во Р.Франција, со соодветна лиценца и во „Thomson-CSF/Daimler Benz Aerospace“ (Германија), „Hotchkiss Brandt“ (Холандија), MKEK (Турција), „Howa“ (Јапонија). Основната верзија на минофрлачот досега е извезена во повеќе од 24 земји ширум светот. „RTF1“ е главно вооружување и на самоодниот минофрлач од 120 мм „2R2M“, кој се произведува во капацитетите на THALES, Р. Франција.
Слични верзии се дел од вооружувањето на повеќе земји. Овој минофрлач има

Минофрлачот „RTF1“ 120 мм (кратенка од француски: Rayé Tracté Modèle F1) е орудие коешто е во употреба во Армијата на Република Франција. Кратенката го означува следново: Rayé – нажлебен, Tracté – влечен

интересна препознатливост по тоа што цевката од внатрешна страна е нажлебена со 40 жлебови, што само по себе претставува реткост кај минофрлачите. „RTF1“ има брз режим на стрелба од 18 мини за една минута (за времетраење од 2 минути), но истиот во никој случај не треба да се надмине поради можност од пукање на цевката, затоа што при максималното оптоварување, температурата на цевката е 350 степени.
Минофрлачот „RTF1“ 120 мм користи едноделни мини 120 мм. Мината претставува склоп на елементи кои со помош на барутното полнење се исфрла од цевката заради постигнување ефект на целта.
Комплетната мина се состои од: кошулка на мината со стабилизатор и експлозивно полнење; запалка; основни и дополнителни барутни полнења.
Интересен факт поврзан за полнењата на мините е тоа што истите, во зависност од тоа за кое полнење се работи, се изработени во три бои: црвена,сина и бела. Истите ги симболизираат боите на државното знаме на Република Франција.
Во текот на 2001 година, после почетокот на операциите во Авганистан, Армијата на САД побарала ново решение за поефикасно и помобилно орудие за огнена поддршка, што генерално има помал калибар од 155 мм и поголем од 60 мм, а е лесно за транспорт и по воздушен пат. Нивното оперативно побарување во ефикасен видлив резултат во форма на минофрлач 120 мм го преточува корпорацијата „General Dynamics“, која развива минофрлач 120 мм „M327“ (влечна варијанта со нажлебена цевка).
Концептот на транспорт по воздушен пат е да може и минофрлачот и возилото за влечење да се транспортираат во



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИНОФРЛАЧОТ „RTF1“ 120 мм | |
|---|---|
| **Калибар на цевката** | 120 mm |
| **Начин на полнење** | Рачно |
| **Дострел** | 6,5 km (со мина ОЕ 120 мм М44)<br>8.2 km (со мина ОЕ 120 мм F1 - ОХ 120 мм F1)<br>12,8 km (со мина ОЕ 120 мм F2) |
| **Тежина** | 653 kg |
| **Должина** | 3,10 m |
| **Ширина** | 1,94 m |
| **Висина** | 1,30 m |
| **Послуга** | 6 (1 командир и 5 послужители) |
| **Клиренс** | 0,25 m |
| **Хоризонтално поле на дејство** | 360 илјадити (при вертикален агол од 800 илјадити) |
| | 620 илјадити<br>(при вертикален агол од 1200 илјадити) |
| **Вертикално поле на дејство** | од 800 до 1500 илјадити со мина ОЕ 120 мм М44 |
| | од 700 до 1200 илјадити со мина ОЕ 120 мм F1 |
| **Режим на стрелба** | Бавен: 4 мини за една минута<br>(за времетраење од 10 минути) |
| | Нормален: 10 мини за една минута<br>(за времетраење од 4 минути) |
| | Брз: 18 мини за една минута<br>(за времетраење од 2 минути) |
| | Обука: 2 мини за една минута,<br>(без ограничување на времето) |
| **Тип на нишанска направа** | GP1 M 120 |
| **Затворач** | Фиксен, прицврстен на цевката |
| **Должина на цевката** | 1,75 m |
| **Димензии на пневматици** | 750 - 16 |
| **Притисок во пневматици** | 1,8 bar |

воздухоплови од типот „MV-22 Osprey“, „CH-53“, „C-130“ и „C-5“.
Во секој случај, и покрај поголемите калибри и стандардниот калибар од 155 мм за хаубиците, се чини дека минофрлачите од 120 мм се неизбежен дел од сите операции во случај кога поради специфичностите на теренот и големите разлики на надморски височини и возвишувања, уфрлувачките патеки на гаѓање на минофрлачите и нивната мобилност имаат пресудна улога, сè уште да бидат компетитивни во однос на сите други орудија и системи.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИНИТЕ „RTF1“ 120 мм ОЕ F1 | |
|---|---|
| **Тежина на мината** | 18,6 kg |
| **Должина на мината** | 89,7 cm |
| **Тежина на мината за време на лет** | од 15,20 до 16,20 kg |
| **Број на полнења** | 10 |
| **Почетна брзина со основно полнење** | 115 m/s |
| **Почетна брзина со максимално полнење** | 365 m/s |
| **Радиус на убиствено дејство** | 18,5 m |
| **Клиренс** | 0,25 m |






# „Цеглинг“ (Zögling)

Според постоечката евиденција се стекнува впечаток дека еден од најбројните воздухопловни планери-лизгачи на европскиот простор е оној со име „Цеглинг“ (герм. Zögling), што во наш превод би било „Ученик“. Причината за застапеноста а овој планер била тоа што е едноставен за користење, потоа лесната изработка, поправките и одржувањето. Освен тоа, овој планер-лизгач имал ниска цена на изработка и токму затоа бил достапен и за пошироките народни маси

Првата изградена верзија на овој планер полетала во 1926 г., во Германија, а била работена според проект и конструкција на германскиот ентузијаст и конструктор Александер Липиш (Alexander Lippisch). Тој е подоцнежен проектант на современи авиони. Следните и подобрени верзии на овој планер (Цеглинг: Zö-31, Zö-33, Zö-35, Zö-37) биле изработувани во текот на наредните години и носеле ознаки според последните бројки од годините на нивното модифицирање, односно производство.
Конструкцијата на сите верзии на едноседечкиот планер „Цеглинг“ овозможувала негово брзо склопување и расклопување, што одело во прилог на неговиот транспорт до соодветните терени за летање. Расклопениот планер го сочинувале: труп во форма на решетка со импровизирано седиште и управувачки команди, лева и десна страна на крилото, хоризонтален и вертикален стабилизатор, нераскинливо прицврстен за трупот. На горниот дел на трупот, на местото каде што се прицврстуваат крилата, бил поставен дрвен триаголник во улога на дополнително зацврстување на крилото со челични сајли. Инаку, сите делови на леталото биле прицврстени за трупот со посебно изработени челични окови. Врските помеѓу управувачките уреди и аеродинамичките командни површини биле реализирани со плетени жичено-челични јажиња. Непосредното управување со планерот, во текот на летот, се реализирало со помош на пилотска палка и ножни команди. Со вертикално поставената палка пред седиштето на пилотот, се управувале крилцата (елероните), вградени на крилата, како и подвижниот дел на хоризонталниот стабилизатор. Првите служат за странично навалување на планерот, налево или надесно, а со ножните команди се управувал подвижниот дел на вертикалниот

стабилизатор со којшто се контролирал правецот на летот. Пилотот седел на дрвено, а подоцна и на метално седиште, директно прицврстено на носечкиот зајакнат дел на трупот, во рамнина на предниот дел на крилото. Подвозот или уредот за полетување и слетување се состоел од метален лизгач-скии, поставена под предниот дел на трупот и куса метална лизгачка потпора/поткрепа на задниот долен дел на трупот.
Како погон за полетување на лизгачот прво се користела обична врка (ортома), а подоцна и гумено јаже. Овој планер бил употребуван според принципот на прачка (чатал). Вкупната должина на јажето изнесувала околу 10 м, или по 5 м од секоја страна. Вообичаено, планерот бил поставуван на висорамнина на којашто најнапред се поставувал дрвен или метален колец, а за него се врзувал задниот дел од трупот. Оваа врска овозможувала непречено да се истегнува гуменото јаже, закачено на предниот дел од планерот. Јажето го влечеле две групи членови, во вид на чатал. Кога јажето било доволно истегнато и кога пилотот ќе дадел знак за летнување, еден од членовите ја ослободувал задната врска од трупот и леталото се кревало над земјата.
Првиот планер-лизгач од типот „Цеглинг“ е донесен и во аероклубот во Скопје, но и воопшто на македонскиот простор, кон крајот на 1936 година. Овој лизгач е набаве на барање на аероклупските членови, на чело со предводникот, конструкторот на аеропlanguageски модели, Љубомир Тевчев. Овој планер е донесен откако кон крајот на 1928 г. започнало првото фабричко производство во фабриката „Икарус“ во Земун, Србија, а подоцна и во фабриката „Утва“ од Панчево, во тогашната држава Кралство Југославија. Според сведоштвата на тогашните едриличари, склопувањето на овој планер, но и самоизградбите на биле реализирани во отстапени магацински бараки. Во тие бараки членовите на аероклубот распоределе соодветни простори за складирање на материјали и придружни алати, просторија за изработка и за поправки на планерите, како и одделен простор за чување на финално изработените и расклопени планери. Всушност, според димензиите, тие и не барале преголеми простории, хали или хангари за нивна изработка и складирање.
Карактеристичните димензии на дел од планерите од типот „Цеглинг“, коишто се летале или се изработувале во скопскиот аероклуб, главно биле со следните димензии: должината на трупот изнесувала 5,45 м, растојанието/распонот на крилата бил до 10,00 м, широчината на крилото 1,5 м, а нивната површина изнесувала 15,00 м2. Сопствената тежина на овие планери изнесувала 82 кг, а максималната тежина при полетувањето изнесувала 155 килограми. Според некои записи, минималната дозволена брзина при летањето можела да биде околу 42 км/час, а оптималната брзина на летање изнесувала околу 54 км на час. Максималната дозволена брзина на летање била ограничена на околу 110 км на час. Сепак, брзините на летањето со овој планер, иако прецизно назначени, биле сосем релативни. Причината за тоа бил недостатокот од прецизни инструменти, а пилотите, главно, ја одредувале брзина на летање според проценатa на воздушните струења (ветрот) кој удирал во нив.
Овој тип на планер-лизгач на македонскиот простор или, поточно, во аероклубот во Скопје, активно се користел како прво и основно летало, сè до почетокот на Втората светска војна, како и во првите години после неа. Во тој период се изменети и повеќе модели од типот „Цеглинг“ коишто имале исти, но и различни карактеристики. На овој модел своите летачки умешности ги стекнале или целосно ги совладале поголем број македонски едриличари-првенци.
Меѓу тогашните истакнати предвоени македонски летачки првенци биле: Вељко Маточиќ, Ренко, Ратко Ѓорѓевиќ (Ѓорѓевски), Киро Јанковски, Славко Димитровски, Велко Грфичарот, Остоја, Спасе Ангелковски, Раде Стојановски, Владо Обрадовиќ, Ото Крањц, Љубе Петковски, Џелал Чинаревиќ (од воена школа), Муксим Русаловиќ, Ото Јарослав, Сабика Дамат и Ружа Бак. Сите тие биле од различни провениенции, но главно напредни ученици, студенти, државни чиновници, работници, занаетчии и земјоделци.
Планерот од типот „Цеглинг“ го обележал иманентниот македонски пат кон небеските широчини. Со овој планер, како и со бесшумните планери или лизгачи кои понатаму се произведувале, била трасирана насоката кон подоцнежниот и позабрзан развојот на воздухопловните едрилици.

Ѓорги Чачкиров



Планер „Цеглинг“
цртеж:Ѓ.Чачкиров



# „Гифу“ – јапонски Музеј на авијацијата и на вселената

Музејот „ Гифу“ е сместен во централниот дел на Јапонија, во провинцијата Гифу, поточно во градот Какамигахара. Музејот е посветен на авијацијата и на вселената и е направен со цел да се соберат, да се зачуваат и да бидат изложени оние материјали кои се поврзани со авијацијата и вселената на Јапонија.

Локацијата каде што е изграден Музејот на авијацијата и вселената не е случајно избрана. Во непосредна близина на Музејот се наоѓа најстариот аеродром на тлото на Јапонија, а воедно на оваа локација се сместени силите за воздушна одбрана на Јапонија како и индустријата на „Кавасаки“, производителот на воздухоплови. Музејот првпат е отворен во март 1996 година но, подоцна, поради потребата од проширување, истиот бил реновиран и во март 2018 година повторно бил отвори за јавноста и посетителите. На простор од 9 400 м2 се поставени над 50 воздухоплови од различен тип, но бројката на изложени воздухоплови постојано расте, Музејот соработува со голем број на други музеи од светот и со ваквите музеи, музејот „Гифу“разменува експонати. Во 2022 година Музејот имал над 1 милион посетители, така што се размислува Музејот да биде проширен и неговата понуда со експонати од областа на авијацијата и вселената да биде збогатетена во втората половина на 2024 година.

Обиколката на Музејот започнува веднаш после влезот во самиот музеј, со обиколка на надворешната поставка која, иако има само 4 експонати, вреди да се погледне. Противподморничкиот „US-1A“ воедно авион за пребарување и спасување на вода, е првиот авион со кој започнува разгледувањето на изложените експонати. Во продолжение е изложен противподморничкиот авион од јапонско производство „P-2J“. Следни се транспортниот хеликоптер „KV-107IIA-4“ и транспортниот авион „YS-11A-213“. Во надворешниот дел, покрај експонатите, е поставена и патека за анимирање на најмалите посетители и дел за одмор.

После разгледувањето на надворешниот дел се влегува во внатрешноста на главната изложбена зграда. Веднаш после влезот од десната страна е делот каде е поставена продавницата за подароци




и сувенири. На спротивната страна од продавницата за подароци е поставен кафе-барот каде што посетителите може да си купат мали закуски и оброци. Самиот објект има неколку простории каде се изложени експонатите и во секоја од нив има поставено по една постојана поставка. Првата ваква поставка е веднаш после првите две простории (кафе-бар и продавница) и е посветена на почетоците на авијацијата во светски рамки, но и во Јапонија. Во оваа просторија се изложени и реплики на првиот авион на браќата Рајт, како и првиот произведен јапонски авион „Salmson 2A2„. Следната хала е посветена на предвоената и воената индустрија на авијацијата во Јапонија. Во оваа хала се изложени два авиони кои го одбележаа јапонското воздухопловство „Kawasaki Ki-61 Hien“ и „Mitsubishi A6M Zero“. Изложениот модел на „Hien“ е единствениот преостанат модел од овој авион. Главната, воедно и најголема изложбена просторија во склоп на музејот во која има и најмногу изложени експонати, е посветена на поствоената ера на авијацијата во Јапонија. Во халата се изложени следните воздухоплови : „KAL-1“, тренажниот „KAT-1“, „T-33A“ модифициран, „F-104J“, „Saab Saphir 91B Kai“, првиот млазен авион развиен после војната од страна на јапонската индустрија „T-1B“, „N-62 Eaglet“, експерименталниот хидро авион „UF-XS“, „FA-200“, примарниот тренажен „T-3“ и напредниот тренажен „T-2“ и „T-2 CCV“, кој сѐ уште е во фаза на истражување. Колекцијата ја надополнуваат и модифицираната верзија „F-4EJ“, која е од јапонско производство, под лиценца на САД, авионот за кратко полетување и слетување „Asuka 8501“, моторната едрилица „N-70 Cygnus“, хеликоптерите „BK117P5“, „OH-1“, „Bell KH4“, експерименталниот „KHR-1“ и модифицираниот „OH-6J“. Над главната изложбена сала се наоѓа тераса за набљудување. Во склоп на главната изложбена просторија има и три различни симулатори на лет, од кои едниот е патничко доживување со транспортен авион, вториот има можност за летање со млазен авион и третиот симулатор  во оваа просторија прикажува виртуелна реалност на летање со хеликоптер. На посетителите им се нуди и можност за следење на кино-претстави, за време на посетата на кино-салата која, исто така, се наоѓа во главната изложбена просторија. Следната просторија каде што се изложени дел од експонатите е посветена на освојувањето на вселената и е наречена „Од небото до вселената“. Во овој дел се изложени ракетниот мотор „LE-7“ и  дел од ракетата „H-II“. На вториот кат од зградата на Музејот се преостанатите 4 изложбени простории.
Во првата просторија на вториот кат се поставни неколку модели на ракети со кои посадите на Јапонија се упатија во вселената. Неоспорен факт е дека астронаутот Наоко Јамазаки е поставена за почесен амбасадор на музејот подари нејзините достигнувања. Во останатите просториии се изложени  реплики на вештачкиот сателит „Sputnik 1“, микросателитот „ChubuSat-1“, реплика на експерименталниот модул „Kibo“, реплика на „Hayabusa 2“, реплики на вселенските возила „Rover“ и „Curiosity“ и други модели.
Посетителите може да го посетат музејот секој работен ден од 10.00 до 17.00 часот, а за време на викенд од 10.00 до 18.00 часот. Влезницата за возрасни изнесува 5 евра, додека за лицата над 60 години влезницата изнесува 3 евра. Во понудата на влезници постои можност и за годишен билет кој изнесува 12,5 евра. Освен понудата на постојани поставки, во Музејот, на посетителите им се понудени и најразлични други активности како, на пример, подучување за изработка на хартиени авиони, часови за авијација и аеродинамика на лет и други активности. За да го посетите Музејот ќе ви бидат потребни околу 2 часа. Музејот дефинитивно претставува место кое навистина вреди да се посети и е во согласност со беспрекорната јапонска култура.

Златко Блажески









# Народниот херој Лазо Филипоски-Колевски

Народниот херој Лазо Филипоски-Колевски, познат и како Лазо Филипоски, бил роден во Мрзен Ораовец, Кавадаречко, во 1918 година, а загинал на Плетвар, на 2 март 1942 година. Тој е македонски комунист и учесник во НОВ. Лазо Филипоски, заедно со Боро Петрушевски, бил првиот комунист којшто на 8 септември 1941 година убил непријателски војник после окупацијата на Македонија во Втората светска војна. Тој е прогласен за народен херој на Југославија од Македонија на 11 октомври 1953 година.

Лазо Филипоски-Колевски рано останал без мајка па, така, тешкиот живот го принудил заедно со татко му да се пресели во Прилеп, каде што завршил основно образование. Во 1935 година се преселил во Градско, каде работел како чирак во една пекарница. Во Велес дошол во контакт со тамошните револуционери и од тој момент започнал неговиот бурен живот.

Во 1937 година заминал на печалба во Белград каде што се вклучил во тамошното синдикално движење. Таму се запознал со прилепската група студенти и станал посебно близок со Кузман Јосифовски-Питу, кој во тоа време се школувал во Белград.

По враќањето во Прилеп станал активен член на УРС-овите синдикати, а во 1940 година станал член на КПЈ. Истата година учествувал во илинденските демонстрации во Прилеп. Еден месец подоцна полицијата го запленила весникот „Пролетер“ и други партиски материјали, при што биле уапсени голем број лица, меѓу кои и Колевски. Бил во затвор 15 дена, а поради неговото храбро држење го добил прекарот Лавски.

По капитулацијата на Југославија бил член на Месниот воен штаб на МК на КПЈ во Прилеп и инструктор за ракување со оружје, а едно од складиштата за оружје била и неговата куќа.

На 8 септември 1941 година, заедно со Ѓоре Велкоски, Гиго Менкароски и Борко Петрески, по добиена задача од Месниот комитет, отишол кај тунелот на Бабуна со цел да ги испита условите за минирање на железничкиот тунел кај село Гостиражни.

Колевски, Велкоски и Менкароски, извршувајќи ја поставената задача, наишле на бугарска стража што го обезбедувала тунелот при што биле сопрени и им биле побарани лични документи. Колевски, наместо лична карта, го извадил револверот, стрелал во стражарот и го убил. Во престрелката бил ранет уште еден окупаторски војник. Набрзо потоа, Колевски бил еден од седумте први прилепски партизани, кои на 12 септември 1941 година, во месноста Бидимаш на Селечка, ја формирале првата партизанска чета. По вклучувањето на четата во Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“ и Колевски станал дел од Одредот, а на 25 октомври 1941 година, на само 23-годишна возраст, е назначен за заменик-командант на Одредот.

По расформирањето на Одредот Колевски заминал во илегала. На почетокот на 1942 година извршувал партиски работи во околијата на Тиквеш. На 2 март 1942 година, враќајќи се од Кавадарци за Прилеп , заедно со Борка Талески-Модерното, близу Плетвар, наишле на бугарска заседа, при што и двајцата загинале.

Лазо Филипоски-Колевски, познат и како Лавски, на 11 Октомври 1953 година, бил прогласен за народен херој. Неговото име е запишано со „златни“ букви во македонската историја и тој претставува светол патоказ и за сегашните и за идните генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска

## Државотоворен чин

На 11 март, по повод 32-годишнината од преземањето на првите караули „Рамна Нива", „Девет Баир" и „Коприва", од единиците на Територијалната одбрана од Крива Паланка, на 11 март 1992 година, претставници на ОРОРСМ, ја посетија караулата „Рамна Нива" за да го одбележат овој многу значаен ден, којшто е од историско значење за македонската армија и македонската државност.



Овој ден, поради неговото значење, Основната организациона единица (ООЕ) на ОРОРСМ од Крива Паланка го одбележува и како свој патронен празник.
На одбележувањето на овој настан учествуваа резервни офицери и подофицери од ООЕ на ОРОРСМ: Куманово, Виница и Кочани, предводени од Извршниот одбор на ООЕ Крива Паланка, претставник на Командата за обука и доктрини, претставник на Центарот за резервни сили, како и претставник на МВР од граничниот премин „Девет Баир".
Пред присутните се обратија резервниот капетан Весели Стојановски, кој прочита пригоден реферат за значењето на 11 март, претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој ги поздрави присутните и порача дека ОРОРСМ ќе продолжи со ваквата традиција на одбележување на значајни настани и резервниот постар водник, Видан Петровски, кој во тоа време ја извршувал функцијата заменик-командир на Караулата.
Значајно е да се напомене дека делегација на ОРОРСМ, предводена од генералниот секретар, Никица Бангиева, присуствуваше на одбележувањето на овој значаен настан, организиран од Центарот за резервни сили во касарната „Петровец", кој овој ден го одбележува како Ден на Центарот за резервни сили.

## Чествување

Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македнија (ОРОРСМ) и Општинската организациона единица (ООЕ) на ОРОРСМ, Виница, во соработка со Општина Виница, на 4 март, Денот на ООЕ на ОРОРСМ, Виница, организираа одбележување на 23-годишнината од загинувањето на капетанот Кирчо Димитриев, кој како припадник на безбедносните сили загина во воениот конфликт во 2001 година на 4 март во близина на Танушевци во местото викано Рамно, заедно со водниците Дејан Јакимовски од Куманово и Теодор Стојановски од Драчево. Овие тројца припадници на безбедносните сили ги дадоа своите млади животи во одбраната на татковината.
Организацијата на резервни офицери и Општина Виница, во негова чест 23 години достоинствено го одбележуваа овој датум со сите почести кои ги заслужува еден херој како што е капетанот Кирчо Димитриов. Воедно, им се оддаде почит на сите бранители кои ја пролеаа својата крв во одбрана на ова парче македонска земја.
Пред спомен-бистата на присутните им се обрати претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, а потоа повеќе делегации, меѓу кои на потесното семејство на капетанот Димитриов, претставници на ОРОРСМ, градоначалникот на општина Виница, припадници на Армијата, на МВР и други, положија свежо цвеќе.



## Потпишан Меморандум за соработка со Општина Крива Паланка

Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија на 11 март 2024 година потпиша Меморандум за соработка со Општина Крива Паланка.
Меморандумот беше потпишан од претседателот на Организацијата, д-р Гоце Георгиев и градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски.
На чинот на потпишувањето присуствуваа и членовите на извршните одбори на ООЕ на ОРОРСМ од Крва Паланка и од Куманово и претставниците на Армијата од Командата за обука и доктрини и од Центарот за резервни сили.
Потпишувањето на Меморандумот за соработка, токму на 11 март, има симболично значење затоа што се одбележуваат 32 години од преземањето на првата караула на државната граница „Рамна Нива" од страна на тогашната единица на територијалната одбрана на Крива Паланка, значаен чин за современата македонска историја, воедно и патронен празник на Општинската организациона единица на ОРОРСМ од Крива Паланка.



Со Меморандумот се утврдија принципите на соработка во насока на заемно укажување стручна помош и поддршка, со цел размена на податоци, информации, искуства, знаења и обука, а во интерес на подобрување на заштитата и безбедноста на граѓаните и на материјалните добра на територијата на Општина Крива Паланка.
Во знак на благодарност за соработката и придонесот во развојот на ОРОРСМ, на градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски, од претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, му беше доделена Значка на Организацијата.

Тони Мицевски



# Месечината е распродадена, на ред се Марс и Венера

За 30 години, откако Месечината ја прогласил за свој имот, Американецот Денис Хоуп продал 11.128.243 плацеви, а меѓу сопствениците од 176 земји во светот се неколку претседатели, стручњаци од НАСА, познати спортисти, актери, пејачи и, се разбира, дваесетина најбогати луѓе на светот. Истиот овој бизнисмен сега продава делови од Марс и Венера

Следејќи го непишаното правило дека од сто налудничави идеи, една секогаш е генијална, Американецот Денис Хоуп се збогатил продавајќи плацеви на Месечината. Оваа апсурдна приказна соодветствува на времињата во кои живееме во првите децении од 21 век и покажува дека на „Сината планета“ повеќе не важат правилата според кои таа опстојува два милениуми. Јунакот на приказната што следи признал дека до оваа идеја дошол кога, после разводот западнал во депресија и останал само со неколку долари во џебот.
Сè започнало кога по спомнатиот развод, тргнал во Лос Анџелес, со намера да учествува на некоја од многубројните аудиции за актери. „Така, сосем загубен во свемирот, низ прозорецот ја здогледав Месечината, полна и светла, и ми светна навистина налудничава идеја – решив да отворам агенција за продажба на плацеви токму на Месечината“, раскажал Хоуп, откако го продал првиот плац на Земјиниот сателит.

**Барањето до ОН – без одговор**
Со овој апсурден бизнис, Денис почнал да се занимава во септември 1987 година, а дваесет години подоцна станал светски прочуен бизнисмен. Се разбира, со таков статус се стекнал на навистина легален начин, почитувајќи ги постоечките закони во САД, поврзани со сопственоста на недвижностите. Имено, откако добил сертификат за својата „Лунарна агенција“, Хоуп до Обединетите нации испратил писмо со кое барал да му се објасни дали неговиот бизнис не е спротивен на некои меѓународни спогодби и декларации. Во меѓувреме, дознал дека во 1957 година била донесена меѓународна уредба според која објектите во вселената не може да ги поседува која било држава во светот. Со оглед што тоа не се однесувала на поединци, новопечениот сопственик на Месечината тргнал во авантура која ќе му донесе титула на „вселенски бизнисмен“. Откако и после една година чекање не добил никаков одговор од администрацијата на ОН, Хоуп почнал да отвора свои претставништва во светските метрополи на својата агенција. Интересно е што во Лондон, Париз, Рим, Женева и Луксембург нашол заинтересирани партнери со чија помош, на клиенти ширум Европа, за месец дена им продал 200 плацеви на Месечината. На покана на неименуван кинески тајкун отворил претставништво и во Пекинг, во време кога таму се одржувал Осмиот конгрес на Комунистичката партија на Кина. И, токму во Пекинг, Хоуп за

една недела продал 200 плацеви, по стандарна цена од 15 фунти за метар квадратен.

**Викендичка со поглед на „Сината планета“**

После првиот оглас дека продава плацеви на Месечината, Денис бил јавно исмејуван, и тоа ни помалку ни повеќе, туку во весникот „Њујорк тајмс“. Но, кога обелоденил дека меѓу неговите први клиенти се Никол Кидман, Харисон Форд, Том Круз и Џон Траволта, а тие тоа јавно го потврдиле, Агенцијата на Хоуп била затрупана со повици од заинтересирани купци. Имено, во 2001 година тој добил 163.000 електронски писма во кои, исто толку луѓе барале информација за процедурата со која може да се купи парцела на Месечината. На футуристичкиот визионер Хоуп, бизнисот тројно му се зголемил откако свое партнерство му понудиле познати личности, па дури и научници од повеќе европски земји. Меѓу првите е и доктор Амара Грапс, научник од Рига, која со дозвола на Денис, во главниот град на Летонија основала агенција под име „Жители



од Балтикот на Месечината“. Токму оваа агенција ќе лансира генијален маркетиншки трик, плац на Месечина со полед на земјината топка. Се разбира, двојно поскап од плацевите кои не се свртени кон нашата планета. Според познатата флоскула „Американски сон“, Денис Хоуп од продажба на „ветер и магла“ живее како бубрег во лој. Полни две децении, грижата околу продажбата на плацевите на Месечината им ја препуштил на своите вселенски амбасадори вработени во неговите претставништва ширум светот. Самиот тој изјавил дека располага со недвижности вредни 763 трилиони долари и дека од секоја зделка, 50 центи дава во добротворни цели, и дека годишно на УНИЦЕФ му уплаќа најмалку по 26.000 долари. Познато е дека со целиот бизнис на Хоуп, денес, од Лондон, управува извесен Франсис Вилијамс.

**Задоцнето реагирање на ОН**

Со задоцнување од две и пол децении, реагирале и службениците на ОН, оспорувајќи му го правото на Хоуп да ја распродава површината на Месечината. Имено, еден од званичниците на светската организација, Филип МекДугал, тврди дека Хоуп добро не ги проучил документите на ОН во врска со објектите во свемирот, односно дека во 1979 година бил дополнет документот од 1967 година и дека во него е прецизирано дека вселената и океаните се „меѓународна територија“. Американската администрација, црпејќи идеја од Хоуп, во 2015 година донела документ во кој е прецизирано дека секој жител на САД има право да располага со недвижности во космосот, доколку дотаму стаса прв. Според примерот на Америка, и властите на Луксембург усвоиле сличен документ. Познато е, на пример, дека последнава деценија од новиот милениум траат расправии токму околу прашањето кому му припаѓаат небеските тела. И, токму заради тоа, во тек е меѓународен натпревар за заземање на вселената, со инсталирање на сателити и небески станици. Во меѓувреме, визионерот од Америка тврдел дека има тапија на Месечевата површина, на која, вели тој, плацеви поседуваат тројца американски претседатели и еден член на британското кралско семејство. Згора на тоа, Хоуп веќе две години продава плацеви на Марс и на Венера, а планира да започне и со продажба на астероиди и комети, односно на сателитите на осумте планети, а такви се вкупно 51, и тоа по мошне пониска цена за метар квадратен.

**Тивка војна за космосот**

Откривањето и заземањето на космосот не е изум на погоре споменатиот Американец, туку стратешки потфат на водечките светски сили. Почетокот на натпреварот, во таа насока, е поврзан со првиот вселенски лет што го имаат остварено Русите, уште во 1957 година, а трае и ден-денес. Освен Русите и Американците, во таа трка по небеските височини и објекти, веќе се вклучени Кина, Индија и Јапонија. Во сенка на натпреварот помеѓу Русија и Америка, Кина мошне сериозно и плански оди кон вселената, а се со цел да биде рамноправен партнер во поделба на „вселенскиот колач“,кога за тоа ќе дојде време. Нејзината Агенција за свемирски истражувања, ЦНСА, е основана во 1993 година, а веќе во 2004 година официјално е активиран проектот на истражување на површината на Месечината. Веднаш по оваа агенција, своја космичка агенција ќе формира и Индија, а минатата година, нејзиното летало „Месечев автомобил“ се спуштило на Јужниот Пол на Месечината. Деновиве и јапонската ракета „Месечев снајпер“ успешно слетала на Месечината. Ако на ова го додадеме и податокот дека и една малаземја, како што е Руанда, во свемирот лансирала свој сателит, ќе ни биде јасно дека веќе е започната глобална битка за сопствен простор во „небеската шир“.

Но, независно од сето ова, „налудничавиот визионер“, Денис Хоуп, не е засегнат. И, не поради тоа што самиот на себеси си извадил тапија за териториите на свемирските тела, туку заради фактот што и понатаму може да заработува продавајќи десетина сувенири (капи, маици, одела, играчки...), а сите се поврзани со неговиот апсурден, но доходовен бизнис наречен „распродажба на небесните тела“.

Миле Раденковиќ





# Вилијам Тарнер
## Апстрактниот романтичар

Џозеф Малорд Вилијам Тарнер, познат во своето време како Вилијам Тарнер, бил англиски сликар, графичар и акварелист и е најмаркантната фигура на англискиот романтизам. Тој е познат по своите експресивни бои, имагинативни пејзажи и турбулентни, честопати насилни морски слики. Зад себе оставил повеќе од 550 слики во техника масло, 2000 акварели и 30.000 дела на хартија.

Вилијам Тарнер бил застапуван од водечкиот англиски уметнички критичар Џон Раскин од 1840 година, а денес се смета дека го подигнал пејзажното сликарство до еминентно историско сликарство. Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер е роден на 23 април 1775 година во Мејден Лејн, Ковент Гарден во Лондон, Англија. Неговото семејство припаѓало на пониската средна класа и Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер го задржал својот акцент на пониската класа, сè до крајот на својот живот упорно „избегнувајќи“ ги замките на успехот и славата. Неговиот татко, Вилијам Тарнер, бил бербер и изработувач на перики. Неговата мајка, Мери Маршал, потекнувала од семејство на касапи, скромно семејство од пониска средна класа. Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер бил препознаен со сликарски талент уште како многу мал, бил наречен „чудо од дете“. Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер запишува студии на Кралската академија за уметности од 1789 година, со свои 14 години, а своето прво дело го изложил таму на 15-годишна возраст. Во овој период тој работел и како архитектонски цртач и имал постојан приход од провизии и продажби, кои поради неговата проблематична, контроверзна и нпријатна карактерна природа, честопати биле неприфатени. Тој отворил своја галерија во 1804 година и станал професор по перспектива на Ликовната академија во 1807 година, каде што држел предавања до 1828 година. Интензивно екстровертен, ексцентричен и повлечен, Тарнер преставувал контроверзна личност во текот на целата негова кариера.



Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер не се оженил, но се смета дека добил две ќерки, Евелина (1801–1874) и Џорџија (1811–1843), од неговата куќна помошничка, којашто била постара вдовица, Сара Денби. Тој станал попесимист и помрзелив како што стареел, особено по смртта на неговиот татко во 1829 година . Неговиот изглед забележително се влошил и тој комплетно се запоставил сè, во секоја смисла. Во тој период почнал да ја запоставува дури и неговата галерија. Ретките посетители коментирале дека само во Помпеја имало повеќе „пепел“ (прав), иако контраверзно интензитетот на неговата уметност во тој период е кулминативно силен. Во 1841 година,Тарнер живее на брод, пловејќи по Темза, немајќи постојана адреса на живеење, што се гледа од пописот на жители од тој период во кој не се појвува на ниеден имот.

Имагинацијата на Тарнер била поттикната од бродоломи, пожари, вклучувајќи го палењето на Парламентот во 1834 година, настан на кој Тарнер бил сведок од прва рака и насликан во серија скици, акварелна техника и природни феномени, како што се сончева светлина, бура, дожд и магла. Тој бил фасциниран од насилната моќ на морето, како што се гледа на изложбата на Кралската академија на уметностите во 1840 година на сликата со наслов „Бродот на робовите“. Интензитетот на нијансата и интересот за експлозивна светлина, не само што ја ставија работата на Тарнер во авангардата на англиското сликарство, туку извршиле и огромно влијание врз уметноста во Франција, посебно врз импресионистите. Особено Клод Моне, внимателно ја проучувал работата и техниката на Тарнер.

Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер, исто така, главно се смета и за претходник на апстрактното сликарство, земајќи ги предвид неговите дела со прикази на замаглувања кои, секако, се крајно апстрактни сцени. Кон крајот на својот живот Тарнер живеел во крајна беда и со видно влошено здравје и, секако, поради својот непријатен карактер и асоцијалност, бил избегнуван од јавноста. Неговата ексцентричност оди дотаму што во овој доцен период ја троши целата своја заштеда за да ги откупи своите дела што, во суштина, довело до неговата лоша финансиска состојба.

Џозеф Мелорд Вилијам Тарнер умрел од колера во домот на Софија Каролин Бут, во Шејн Вок во Челзи, на 19 декември 1851 година, на 76-годишна возраст. Погребан во катедралата „Свети Павле“ во Лондон.

м-р Трајче Чатмов





# „Зона на интерес“

Месец март во светот на филмот секогаш е во знакот на доделувањето на наградите Оскар на Американската филмска академија. Филмот „Зона на интерес“ (во оригинал „The Zone of Interest“), освои две златни статуетки – за најдобар меѓународен филм и за најдобар звук. Филмот „Зона на интрес“ е филм кој никого не остава рамнодушен. Тематиката на филмот се поврзува со темите за холокаустот и страдањето на Евреите во нацистичките логори на смртта но, овој филм, оваа тема ја обработува на единствен и несекојдневен начин и веќе се смета дека е филм кој ја прикажува бруталноста на нацистите на најсуров начин. Јачината на филмот е во звукот, во она што се слуша, а не во она што се гледа. Филмот започнува со празен кадар во кој се слушаат морничави звуци на човечко страдање, лелеци и крици и потоа настанува тишина која наговестува дека звукот ќе биде доминантен во филмот. Потоа во филмот следуваат сцени кои се весели и опуштени, прикажувајќи го пикникот на едно германско семејство во живописно опкружување. Веќе на почетокот на филмот откриваме дека станува збор за семејството на Рудолф Хес, озлогласениот командант на логорот „Аушвиц“ во Полска, кој го толкува актерот Кристијан Фридел. Се запознаваме со неговата сопруга Хедвиг (Сандра Хелер) и со нивните пет деца. Дејството се одвива во нивната прекрасна и идилична куќа, со голема градина, базен, патеки за шетање до езерцето и голема бетонска ограда, зад која се наѕираат ѕидовите на логорските бараки. На неколку метри од нивниот дом и семејната идила се наоѓа логорот во кој секојдневно умираат и се измачувани илјадници Евреи.

Додека трае дејството, во филмот, во позадината, се слушаат крици, лелеци, пукотници и бучава од машини и луѓе. Сето тоа воопшто не допира до семејството Хес, до нивните секојдневни настани, дружења со пријателите, прослави и така натаму. Филмот е сниман во стилот на реални снимки со повеќе од десет фиксни камери кои паралелно ги следат настаните во куќата и во дворот. Дознаваме дека Рудолф Хес е мошне горд што ја добил токму оваа куќа, бидејќи му е одземена од едно полско семејство и му е во непосредна близина на „работното место“. Исто така, и неговата жена Хедвиг се гордее со куќата, посебно со градината во која одгледува цвеќиња и зеленчук за своето семејство и не ѝ пречи што куќата е непосредно до логорот. Таа не ги сака Евреите, не ги сака ниту Полјаците, што се гледа од нејзиниот однос кон слугите кои се со полско потекло. Кога нејзината мајка доаѓа во посета на семејството, Хедвиг гордо ја шета низ градината и ѝ ги покажува убавите цвеќиња и зеленчукот што го одгледува за децата. Кога мајката ќе ја запраша дали зад оградата е логорот со Евреи и дали таму можеби е и нивната сосетка, Хедвиг се прави дека не го чула прашањето и одговара дека воопшто не ѝ пречи што се блиску до работното место на Рудолф. За





бесчувствителноста на Хедвиг најмногу сведочи сцената со крзненото палто што го добива на подарок од нејзиниот сопруг. Хедвиг знае за потеклото на крзненото палто, дека палтото е одземено од некоја кутра Еврејка која е во логорот и гледачите се крајно шокирани кога ги гледаат сцените како Хедвиг ја облекува бундата, се дотерува пред огледалото и бесчувствително го испробува карминот којшто го пронаоѓа во џебот на бундата, што го користела друга жена, која сега веќе можеби е мртва.

Дејствијата во филмот се одвиваат паралелно. Додека децата си играат крај базенот, свират на пијано и ги пишуваат домашните задачи, Хедвиг се дружи со своите пријателки во кујната, а Рудолф Хес во работната соба ладнокрвно ги детализира плановите за усовршување на гасните комори, за што помасовно убивање на Евреите. Сето тоа предизвикува краен немир кај гледачите.

Како што се развива дејството во филмот, односно активностите на жителите во куќата, така звукот станува сè повезнемирувачки, криците и лелеците се слушаат погласно, командите за измачување и наредбите се засилуваат, се слушаат звуци од машини кои забрзано работат, истрели од оружје.

Крајот на филмот е со ненадеен и неочекуван пресврт, а публиката останува зачудена и без зборови. Филмот завршува во денешницата, за време на рутинското чистење на експонатите во Музејот на холокаустот во концентрациониот логор „Аушвиц“, а музиката во позадината е хорско пеење кое завршува со громогласно крешендо. Крајот предупредува и насочува дека злото е насекаде присутно, дури и денес, и треба постојано да се стремиме да го препознаваме и да ги уништиме.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Џонатан Глејзер

**Улоги:** Сандра Хелер, Кристијан Фридел, Ралф Херфорт, Макс Бек, Стефани Петровиц

**Фотографија:** Лукас Зал

**Монтажа:** Пол Ватс

**Музика:** Мика Леви

**Продуцент:** Ева Пасцинска, Џејмс Вилсон

**Продукција:** „Екстрим емоушнс“, „Филм 4“, „А 24“

**Земја:** Британија, Полска, САД

**Година:** 2023

**Жанр:** Драма

**Времетраење:** 106 минути

**Сценарио:** базирано на новелата „Зона на интерес“ на Мартин Амис

**Награди:** Оскар за звук, Оскар за најдобар меѓународен филм „Златна палма“ на Фестивалот во Кан во 2023 година и други награди



# Моклишите – извон излетничко мест

Моклиште е историско село во Кавадаречко и се наоѓа на околу шест километри од Кавадарци, во непосредна близина на селото Ваташа. Излетничкото место Моклиште е лоцирано на десниот брег од реката Луда Мара. Моклиште било населено место уште од железно време, за што сведочи Моклишкото Кале, над манастирот „Свети Никола“'.
Во 19 век Моклиште припаѓало на Тиквешката Каза. Уште одамна Моклиште било христијанско село но, за жал, денес е иселено место. Има по некоја уредена куќа, но она што е важно дека е убаво уредено излетничко и рекреативно место мошне посетено во Тиквешијата, со голем број на посетители во текот на целата година и интерни содржини, за што се покрижиле од Општина Кавадарци.
Низ селото Моклиште тече реката Луда Мара. Од двете страни на реката Луда Мара има широки и рамни ливади. Уште кога ќе стигнеш таму ќе се воодушевиш од убаво уредената патека, од чистата река, од средениот парк во кој се наоѓа и споменикот на дванаесетте убиени ваташки младинци. Направена е велосипедска и пешачка патека со должина од четири километри и се протега од двете страни на реката, покриена со бетонски плочки и широка 4 метри.
Посетителите, додека шетаат по патеката, имаат можност и да се одморот, попатно да застанат на одредените станици – одморалишта. Одморалиштата се се целосно уредени, оплеменети со урбана опрема и метални конструкции за настрешници. Направени се и четири метални пешачки мостови кои ги поврзуваат двата брега на реката Луда Мара.
Шетајќи низ селото Моклиште, не само што ќе уживате во паркот, туку можете да го посетите и да го разгледате и споменикот на убиените ваташки младинци. Имате можност да ја посетите и да ја разгледате и моклишката воденица, хидросистемот „Моклиште“. Секако дека треба да го посетите и манастирот „Свети Никола“, кој датира од 16 век.
Манастирот е изграден од зографот Никола и неговите синови. Ќе се запознаете дека во 17 век имало ќелијно училиште и дека имало библиотека. Манастирот „Свети Никола“ е убаво среден и ќе ви понуди мир и спокој. Посетете ги и неколкуте археолошки наоѓалишта, меѓу кои и Моклишкото Кале.
Поминете убав ден во прекрасна природа, во уреден простор, а потоа седнете и вкусете некои од специјалитетите во ресторанитe во Моклиште, со цел посетата да ви остане во убав спомен. И, секако, овековечете го вашиот простор со фотографии, како што и ние тоа го сторивме за да ви ја пренесеме убавината на Моклиште.

м-р Каролина Мицевска
м-р Зоран Василески



# редно рекреативно и
# о во Кавадаречко













